РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА

## ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## ЗА ПЕРИОД ОД 2013-2017 ГОДИНА

Скопје, октомври 2012 година

Врз основа на член 7 од Законот за земјоделство и рурален развој ("Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, и 126/12), Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 24 октомври 2012 година, донесе

НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА
ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ
ЗА ПЕРИОД ОД 2013-2017 ГОДИНА

# I. ВОВЕД

Дефинирањето и разработка на мерките на финансиска поддршка за земјоделството и руралниот развој за временски период од пет години, претставува повеќегодишно буџетско и стратешко планирање кое за прв пат се воведува во спроведувањето на земјоделската политика во Република Македонија. Покрај унапредување на планирањето на расходите за финансиската поддршка на земјоделските политики на административно ниво, програмирањето на мерките на поддршка истовремено ќе обезбеди зголемување на извесноста во планирањето на приходите на земјоделските производители и следствено донесување на соодветни деловни одлуки во земјоделското производство и инвестициите.

Следниот програмски петгодишен период од 2013 до 2017 година, доаѓа после период во кој се заокружи постепеното воведувањето на сериозни и организирани мерки на државна политика на поддршка на земјоделството и руралниот развој после нивното целосно укинување во средината на деведесетите и паралелното либерализирање на пазарите од почетокот на новиот милениум. Во периодот од 2007 до 2012 година беа повторно поставени основите на земјоделска политика во Република Македонија, од донесување на неопходната правна и стратешка рамка, воспоставување на сите институционалните услови за спроведување на политиките на поддршка, се до нивна реална имплементација.

Стратешката одлука за повторното воведување на сеопфатните политики за поддршка на земјоделството и руралниот развој во 2007 година беше овозможено со одлуката на Владата на Република Македонија за алоцирање на значително повисоки средства наменети за политиките на државна поддршка на земјоделството и руралниот развој и на нивно повеќегодишно планирање со континуирано зголемувачки износ на годишна основа. Позитивниот нагорен тренд на издвојувања во земјоделството и руралниот развој продолжија и во

периодот после 2009 година и покрај негативното влијание на светската финансиска криза.

Законот за земјоделство и рурален развој од 2010 година кој е надоградување на законот од 2007 година, претставува системска основа за земјоделските политики на поддршка кои во голема мерка се прилагодени и со политиките на Заедничката земјоделска политика (во понатамошниот текст ЗЗП) на Европската унија (во понатамошниот текст ЕУ), и истиот ги вклучува одредбите за програмирање и имплементација на државните политики и мерките на директна поддршка за земјоделството и руралниот развој, организација на пазарите со земјоделски производи и за државната помош во земјоделството. Како институционален одговор на ефектите на светската економска криза со законските измени од 2010 година се обезбеди и можност за опционално воведување на пазарни интервенции, а беа нагласени и политиките на поддршка на здружувањето на земјоделските производители.

Согласно овој закон, за долгорочно планирање на националната земјоделска политика а во насока на оставувањето на секторските цели се донесува Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој која беше донесена за периодот 2007-2013 година, и која се реализира преку спроведување на повеќегодишна Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој.

Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за следниот период 2013-2017 година, го одразува континуитетот на интересот на македонската држава за развојот на земјоделството и руралните средини, преку понатамошно унапредување на воспоставените политики во насока на зголемување на нивната ефикасност да обезбеди поддршка на земјоделскиот сектор во неговото соочување со предизвиците на отворениот и променлив пазар и да обезбеди одржлив развој на руралните средини.

Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој е плански и оперативен документ за спроведување на националната политика за земјоделство и рурален развој која ги содржи политиките на пазарно-ценовна политика и мерки на рурален развој, нивните мерките и инструменти презентирани во временски контекст и со индикативна финансиска рамка. Всушност програмата ги поврзува стратешките документи на политиките пред се Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој и повеќегодишното буџетско планирање, со годишните оперативни програми и годишни уредби за спроведување на земјоделските и рурални политики.

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој и други закони, државната поддршка за земјоделството и руралниот развој која во програмата се проектира за периодот од следните пет години, ги опфаќа следниве шеми на финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој:

- директни плаќања,
- уредување на пазарите на земјоделските производи,

– капиталните грантови за рурален развој (финансирани од национални и европските ИПАРД средства),

– поволно рурално кредитирање, и

– државна помош во земјоделството и руралниот развој, вклучувајќи и мерки за техничка помош.

Со член 68 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и ЕУ, Република Македонија прифати обврска за усогласување на сопственото законодавство со законодавството на ЕУ. Политичкиот процес на пристап кон ЕУ преку превзементите реформи, има за цел да го зголеми капацитетот на домашната економија да функционира со условите на единствениот европски пазар преку приближувањето на перформансите на македонските земјоделски производители кон европските стандарди за квалитет и безбедност на храната и согласно побарувачката на домашните и европските пазари во поглед на цената, квалитетот и очекувањето на потрошувачите.

Оттука заедничкиот европски модел на политики во земјоделството, е неизоставен елемент на влијание во програмирањето на македонските земјоделски политики, со воспоставена директна интер-релација во програмирањето и имплементацијата преку кофинансирање на дел од политиките на рурален развој преку петтата компонента на Инструментот за предпристапна помош (во понатамошниот текст ИПА). Прилагодување на политиките, институциите и законодавството во земјоделско-прехранбениот сектор кон ЗЗП на ЕУ претставуваат најсложеното поглавје од преговарачкиот процес за членство во ЕУ поради обемноста на промени кои се очекуваат.

Од 2007 година наваму, македонската политика на државна поддршка во земјоделството поприма значителни елементи на соодветната политика на ЕУ, но значителен дел од прилагодувањата преостануваат да бидат направени до пристапот. Политиките на директна поддршка во земјоделството се исклучително важен дел од процесот, поради висината на алоцираните средства која се издвојува за оваа намена во ЕУ и која е предмет на предпристапните преговори, и поради сложеноста на новите системи кои треба да се поставаат за да се поддржи спроведување на европски тип на политики на поддршка.

При анализа на досегашната состојба со буџетската подршка на земјоделството како извор на податоци се користеа извештајите за реализација на годишните програми за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст АФПЗРР), статистички податоци од Државниот завод за статистика (во понатамошниот текст ДЗС) и податоци од системите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст МЗШВ).

# II. ПРАВНА И СТРАТЕШКА РАМКА

## Закон за земјоделство и рурален развој

Со донесување на Законот за земјоделство и рурален развој во 2007 година, и особено со новиот закон од 2010 година, се овозможи системско планирање на политиките и мерките на организираната земјоделска политика во Република Македонија. Потребата за структуирање на еден организиран пристап во програмирањето на политиките за развој на земјоделството и руралните средини, се наметна паралелено со позиционирање на земјоделството како една од клучните економски области и владин приоритет од 2007 година, проследено со одделување на значително поголеми финансиски средства за негова поддршка.

Дополнително покрај неопходноста за антиципирање на потребите за развој на македонскиот земјоделски сектор, со Спогодбата за асоцијација и стабилизација меѓу Р. Македонија и ЕУ (член 68) Република Македонија прифати обврска за усогласување на сопственото законодавство со acquis communautaire на ЕУ вклучително и во делот на програмирањето и спроведувањето на земјоделските политики. Законот за земјоделство и рурален развој од 2010 година претставува системска основа за земјоделските политики на поддршка кои во голема мерка се прилагодени и со политиките на Заедничката земјоделска политика (во понатамошниот текст ЗЗП).

Законот за земјоделство и рурален развој овозможи воведување на нови политики и нов пристап во нивното поставување. Имено со законот се пропишува циклус на планирање, следење и процена на спроведување на националната земјоделска политика во насока на планирање на развојот на земјоделството и руралниот развој, се дефинираат целите на националната земјоделска политика како и политиките, инструментите и мерките за нивно постигнување. Законот ги дефинира политиките кои се дел од националната земјоделска политика како политики на: директни плаќања, рурален развој и уредување и поддршка на земјоделски пазари.

Законот поставува и правни основи за регулирање на примената на државната помош во земјоделството и руралниот развој, но и на формите на организирање и здружување во земјоделството.

## Цели на националната земјоделска политика

Целите на националната земјоделска политика на Република Македонија, кои согласно законот треба да бидат остварени преку погоре наведените политики, се насочени кон:

- обезбедување на стабилно производство на квалитетна и поевтина храна и обезбедување на населението со доволни количини храна,

- зголемување на конкурентната способност на земјоделството,
- обезбедување на стабилно ниво на доход на земјоделското стопанство,
- одржлив развој на руралните подрачја, и
- оптимално искористување на природните ресурси со почитување на начелата за заштита на природата и животната средина.

## Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој

Со цел воведување на долгорочно планирање на националната земјоделска политика а во насока на оставувањето на поставните цели, се донесува Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој (член 6). Националната стратегија е основниот стратешки документ на земјоделската политика во Република Македонија кој се донесува за период од седум години.

Првата Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за период 2007-2013 година беше усвоена од Владата на Република Македонија на 29-ти Јуни 2007 година.

Според Националната стратегија, општата развојна визија е преточена во следните долгорочни секторски стратешки цели како основа за земјоделски и рурален развој и формулирање на идната земјоделска политика:

> *„Да се зајакне земјоделството за да може да биде конкурентно на интегрираните регионални пазари на Европската Унија и југоисточна Европа преку мерки за зголемување на ефикасноста на земјоделското производство, обработка и пласман и да се изградат соодветни ефективни јавни и приватни институции; да се подобрат приходите на фармата; да се осигура дека потрошувачите имаат пристап до безбедна, здрава храна; да се оптимизира корист а од лимитирана почва, шума и водени ресурси, на начин соодветен на околината; и да изградат витални рурални заедници преку одржлив рурален развој."*

## Национални програми за развој на земјоделството и рурален развој

Спроведувањето на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој се реализира преку спроведување на повеќегодишна Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој која се однесува за период до пет години, и годишни програми за финансиска поддршка во земјоделството и за финансиска поддршка на руралниот развој за спроведување на повеќегодишната национална програма. Сите програми ги

донесува Владата на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Согласно член 7 од законот, националната програма особено содржи:

– инструменти и мерки и активности за спроведување на мерките,
– временски распоред и рокови за спроведување, и
– индикативна финансиска рамка за нивно спроведување.

Согласно последните измени на Законот за земјоделство и рурален развој во 2012 година (“Службен весник на Република Македонија” бр.126/12) рокот за донесување на Националната програма е најдоцна до 30 септември во годината пред започнување на периодот за кој е изготвена, временската рамка на планскиот период од три години се продолжува на пет години.

Слика 1. Преглед на системот на планирање на политиките на поддршка на земјоделството и руралниот развој




## Финансирање на националната земјоделска политика

Како продолжување на континуитетот од 2007 година наваму, заради остварување на целите на земјоделската политика, Владата на Република Македонија во својата Програма за работа за периодот 2011-2015 година проектираше понатамошно зголемување на финансиските средства за поддршка на развојот на земјоделството. Предвидените фискални импликации за престојниот период се претставени во табелата подолу.

Табела 1. Планиран износ на финансиски средства за поддршка на земјоделството и руралниот развој за периодот 2012-2017 година

| Година | 2012 | 2013 | 2014 | 2015-2017 |
|---|---|---|---|---|
| **Износ милиони €** | 130 | **135** | **140** | **150** |

Покрај од средствата обезбедени од буџетот на Република Македонија, финансирањето на националната земјоделска политика се врши и од буџетот на Европската унија, врз основа на повеќегодишна програма за користење на финансиските средства од Инструментот за претпристапна помош за развој на земјоделството и руралниот развој од Европската унија - ИПАРД, а во согласност со склучените договори и спогодби со Европската унија за користење на инструментите за претпристапна финансиска помош и планските документи на Европската унија. После спроведување на поставените предуслови, Република Македонија од Декември 2009 година го обезбеди правото за децентрализирано управување со предпристапните средства од петтата компонента на ИПА.

Покрај претходно наведените два извори помал дел од средствата за финансирање на земјоделката политика се обезбедуваат и од донаторски проекти, но и од средствата на единиците на локалната самоуправа при кофинансирање на одредени мерки на рурален развој.

# III. ЦЕЛИ И КОНЦЕПТУАЛНИ ОСНОВИ НА ПОЛИТИКАТА НА ПОДДРШКА ЗА ПЕРИОДОТ 2013-2017

## Цели на политиката на поддршка за периодот од 2013-2017 година

Целта на Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој е обезбедување на поддршка на развојот на земјоделството и руралните подрачја во насока на постигнување на стратешката цел од Националната стратегија за земјоделство и руралниот развој 2007-2013 година - зголемување на конкурентноста на македонското земјоделско производство и прехрамбената индустрија и обезбедување на одржлив развој на руралните средини.

Како резултат на падот на развојниот потенцијал на секторот предизвикан од колапсот на агро-прехранбените комплекси во текот на приватизацијата и целосното укинување на поддршката на почетокот на втората половина на 90-те,

зголемениот конкурентски притисок зајакнат со либерализацијата на трговијата со земјоделски производи[1], сеуште преставува сериозен предизвик за најголемиот дел од македонското земјоделство, особено во услови на влијание на светската економска криза и намалената побарувачка на стоки.

Мерките на државната поддршка во земјоделството и руралниот развој се дополнителна поддршка на основниот приходот на земјоделците кој тие го остваруваат преку реализација на нивните производи на пазарите со земјоделско-прехрамбени производи, или поддршка на нивните инвестициони идеи за подобрување на успешноста во работењето. Поради примарната улога на влијанието на пазарот, политиките на државна поддршка се насочени пред се кон подобрување на условите за стопанисување и зајакнување на способноста на земјоделците и преработувачите за поуспешен настап на пазарот.

После запирањето или стабилизирањето на негативните трендови на падот на обемот на земјоделското производство и промовирање на раст, политиките на поддршка на развојот на земјоделството и руралните средини за следниот период се поставени за да создадат уште подобри услови за зголемување на конкурентноста на примарните земјоделски производители со позасилена трансформација во организирани и специјализирани пазарно-ориентирани земјоделски производители со зголемена економија на обем и повисок квалитет на производите базирани на искористување на реалните компаративните предности.

Заради ова политиките на поддршка на развојот на земјоделството и руралните средини ќе бидат насочени во интервенции во следниве области:

1) подобрување на технолошката[2], пазарната и руралната инфраструктура со цел зголемување на додадена вредност и постигнување на ЕУ стандардите,

2) зајакнување на хоризонталната и вертикална (откупувачи-примарни производители) интеграција на економските субјекти во агро-прехрамбениот сектор и развој на пазарните договорни основи во ланецот на создавањето на вредноста во земјоделското производство што треба да овозможи подобра размена на пазарни информации и планирање на производството и откупот,

3) обезбедување на пристап до производните фактори, особено земјоделско земјиште и негова консолидација, пристап до капитал и квалитетни инпути за производство, како и подобрување на човечкиот потенцијал во секторот, и

4) подобрување на маркетингот на земјоделските производи и промоција на надворешните пазари.

---

[1] Со зачленувањето на Република Македонија во СТО во 2003 и со потпишување на трговскиот дел од Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ и ЦЕФТА 2006.

[2] Преку обезбедување на средства за инвестиции за модернизација на производството, зголемување на економичноста, обемот на производството, продуктивноста и квалитетот на производите согласно бараните стандарди.

Очекуваните резултати од спроведување на мерките на финансиска поддршка се зголемување на развојниот потенцијал и конкурентна способност на секторот со позитивно влијание врз приходот на земјоделците и социјалната стабилност на руралното население, особено кај производите со поизразена компаративна предност. Во таа насока, заради зајакнување на влијанието, **веќе поставените мерки на финансиска поддршка се модифицираат за потаргетирано стимулирање на постигнување на подобрени производни резултати**, односно зголемен обем на производство и поголем квалитет на земјоделските производи.

Покрај индиректниот ефект на поддршка на развојот на руралните средини преку поддршката обезбедена за зголемување на конкурентноста на земјоделството како клучна економска дејност на руралното население и зголемување на доходот на земјоделските производители, политиките и мерките од програмата ја следат потребата за подиректна интервенција во зајакнување на економската и социјалната позиција на руралните подрачја. Ова особено се реализира преку **политиките на рурален развој кои во следниот петгодишен период имаат понатамошно зајакната улога** во однос на претходниот период во поддршка на инвестициите за модернизација на земјоделските стопанства, постигнување на стандардите кај преработувачките капацитети, подобрување на руралната и маркетинг инфраструктура и започнување на земјишната консолидација.

Мерките на рурален развој ќе ги поддржат и помалку конкурентните земјоделски производители во диверсификацијата на постоечките економските активности во активности за производство на нетрадиционални земјоделски производи кои се побарувани на пазарите, но и во економски активности во руралните средини кои не се неопходно поврзани со земјоделско производство.

Меѓутоа, генералната продуктивност, економичност, големината на приходите и на крајот зголемувањето на самата конкурентност на македонското земјоделство останува да биде значително попречена од генералните слабости во структурата на секторот, каде на страната на понудата доминираат голем број на мали субјекти со ограничени производствени можности кои продуцираат неусогласен квалитет на производите, додека побарувачката се карактеризира со недоволна конкуренција, особено во делот на маркетингот со земјоделски производи. Ваквата структура на пазарот продуцира непостоечка хоризонтална интеграција, нефункционални, најчесто конфротирачки наместо договорни вертикални односи, и несразмерна дистрибуција на остварената вредност на штета на примарните земјоделски производители. Овие состојби во значителна мерка влијаат и на интензитетот на позитивните ефекти од политиките на државна поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Вистинската големина на проблемот на овој ограничувачки фактор на подобрување на конкурентноста се гледа кога нашите земјоделски земјишни капацитети се споредат со капацитетите на конкурентните регионални и

пошироко европски земјоделски економии. И ако сега ваквата состојба е ограничувачки фактор за подобрување на приходите и генералната конкурентност на македонските земјоделски стопанства, перспективното вклучување на македонскиот аграр на единствениот европски слободен пазар после зачленување во ЕУ при непроменети услови ќе биде многу сериозна закана по нивното понатамошно опстојување.

Оттука политиките на поддршка во следниот период ќе бидат насочени и кон **започнување или интензивирање на проактивните мерки за окрупнување на земјоделскиот оутпут на пазарот**, пред се преку подобрување на земјишната структура и формирање на кооперативи.

Оправданоста на продолжување на обезбедувањето на државна поддршка на македонското земјоделско производство се совпаѓа и со **пресретнување и ублажување на влијанијата на флуктуациите на светските пазари за храна на домашна земјоделска економија** во последниве пет години. Глобалниот недостаток на храна и инфлаторно движење на цените на основните прехрамбени производи, и последователно намалување на побарувачката и цените како резултат на светската рецесија, имаа свое големо влијание на стабилноста на приходите на земјоделските производители.

Исто така, при дизајнирањето на мерките, во предвид се земени и актуелните аспекти од потребата за **прилагодување на земјоделството кон се поизразените климатски промени**, и тоа особено во делот на зголемена поддршка на инвестиции во ефикасни и економични системи на наводнување и искористување на обновливите видови на енергија, како и инвестициите за третирање на отпадоците од земјоделското производство, и особено од сточарското.

Посебно внимание е насочено и во одржливо стопанисување со природните ресурси, **заштита на животната средина и зачувување на биодиверзитетот** како нова група на мерки кои се воведуваат во престојниот период.

Планирањето и спроведувањето на политиките на поддршка на земјоделството и руралниот развој се во постојана динамика на **прилагодување кон Заедничката земјоделска политика на Европска Унија**. Потребата од прилагодување со европскиот модел на подршка од една страна и принципите и правилата на Светската трговска организација од друга страна, наметнуваат одредени обврски и ограничувања во чии рамки треба да се движат мерките на политиката на поддршка.

Поради превземената обврска за прилагодување на националната земјоделска политика кон Заедничката земјоделска политика на ЕУ, основните одредби од корпусот на европските политиките во земјоделството и руралниот развој кои е неопходно да бидат земени во предвид при дефинирањето на мерките од програмата се елаборирани во продолжеток.

## Обврска на прилагодување кон политиките на ЕУ во земјоделството и руралниот развој

Заедничката земјоделска политика (Common agricultural policies) е комплексен систем на правни прописи, буџетска поддршка и директни јавни интервенции кои влијаат на состојбата во земјоделството и руралните средини во Европската Унија чија регулација се извршува преку заеднички органи и со заеднички буџет[3]. Процесот на интеграција во ЗЗП се состои од хармонизација на законодавство, изградба и зајакнување на институциите и реформа на политиката.

Во процесот на пристапување кон ЕУ, земјоделството и безбедноста на храната претставуваат најтешко и најсложено поглавје во преговорите за степенот на прифаќање на услогласувањата на националните политики, прописи и институции со соодветните на унијата. Тоа не е само заради сложеноста на областа, туку и затоа што со пристап на државите кон ЕУ, овој сектор ги користи позициите и погодностите на ЕУ до нивото кое го имал при приемот во Унијата.

Целта на реформата на политиката, нејзиното преструктурирање и прилагодување кон ЗЗП во предпристапниот период е да се намали негативното а да се зајакне позитивното дејство од ЕУ интеграцијата. По правило, голем дел на националните мерки на поддршка во земјите кандидати за влез во унијата не се компатибилни со ЗЗП. Нивното задржување до самиот пристап дава погрешни сигнали и надежи на корисниците кои може да бидат сосема изневерени поради потребата за промена на таа политика при влезот во унијата. Прифаќањето на европските мерки во суштина го поддржува преструктуирањето на секторот и неговото прилагодување. Од овие причини, рационално и корисно е националната политика за поддршка на земјоделството и руралниот развој постепено да се прилагодува кон принципите и барањата на ЗЗП што секако е проследено со континуирани реформи на целокупниот систем.

ЗЗП во својот историски развој од пет децении поминува низ различни фази и промени. Формално целите од самиот почеток не се променети и истите приоритено се однесуваат на: обезбедување на соодветен приход за руралното население, стабилизација на пазарот и подигање на продуктивноста и конкуретноста во производство на храна. Во последните десет години посебно место завзема значењето што земјоделството го има за животна средина како и безбедноста на храна. Аргументите за поддршка засновани се на концептот на постоење на пазарни недостатоци, односно признавање на други важни нееономски функции на земјоделството, што пазарот не ги регулира, а имаат

[3] ЗЗП е формирана со Римскиот договор од 1958 година, со кој се дефинира Европската Економска Заедница.

значајна општествена улога. Во таа смисла се зборува за ЕУ модел, па и за одржлив развој на земјоделството.

Постоечкиот модел на ЗЗП има правна и буџетска основа до 2013 година. Новата основа за ЗЗП за следниот седмогодишен период е во фаза на програмирање со решавање на дилемите за: аргументацијата и визија на европската земјоделска политика, изборот на мерките за следниот период, однос помеѓу заедничкото и национално финансирање, а посебно обемот на вкупните средства за земјоделство.

Сепак и покрај очекуваните промени, досегашните реформи на ЗЗП покажуваа стабилност во промените кои секогаш носат елементи на претходната политика, поради што идните мерки до одреден степен можат да се предвидат. Новата улога на земјоделството и руралниот развој воглавно се темели на понатамошно јакнење на мерките за рурален развој, нови услови за политика на директни плаќања како и минимизација на пазарните интервенции на ниво на обезбедување на пазарите во кризни состојби. Сите овие насоки се во голема комплементарност со досегашниот тренд на развојот на политиките за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој на Република Македонија.

При подготовка на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој 2013-2015 година, во предвид се земени тековните концепти за последната реформа на ЗЗП за периодот после 2013 година.

## Принципи на програмирањето на политиките на поддршка за периодот 2013-2017

Во насока на постигнување на стратешките секторски цели дефинирани во Законот за земјоделство и рурален развој и Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој, изборот на инструменти, мерките и активности на Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој и проекцијата на индикативната финансиска рамка за нивна реализација, се направени врз основа на принципите презентирани во продолжеток.

### *Комплементарност со останатите политики на државна поддршка на земјоделството и руралниот развој*

Мерките за финансиска поддршка во програмата се комплементарни со останатите политики за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

Програмите за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој се дел од генералната државна политика која се состои од повеќестрани и комплементарни мерки за постигнување на секторските цели за развој и постепено зголемување на конкурентноста на македонскиот земјоделски сектор, и

ги вклучува: бенефицирано регулирање на социјалното осигурување за земјоделците и активните социјални политики за намалување на невработеноста, ослободување или поволно оданочувањето на приходи од земјоделска дејност, олеснет пристап до државно земоделско земјиште и земјоделски кредити со поволни услови.

***Понатамошно прилагодување со мерките на Заедничката земјоделска политика на ЕУ***

Покрај изборот на мерки за поддршка согласно потребите за долгорочен развој и конкурентска способност на македонското земјоделство, како обврска од евроинтегративниот процес истите мора да бидат ставени во кореалација со основните принципи на ЗЗП на ЕУ, се до нивно целосно усогласување при приемот на државата како земја членка на унијата.

При подготовката на мерките на поддршка на земјоделството и руралниот развој во предвид се земени последните тековни реформи на ЗЗП во делот на политиките на директни плаќања, рурален развој и уредување на пазарите, а кои се однесуваат за периодот на имплементација после 2013 година. Проекцијата на мерките исто така е во корелација со природата на идниот преговарачкиот процес за влез на Република Македонија во ЕУ во насока на обезбедување на подобра позиција.

***Насочување на поддршката кон стимулирање на предприемачките идеи, поголема поддршка на конкурентните производи, како и оддржување на оптимално ниво на производство на помалку конкрентните но значајни земјоделски производи***

Иако генералниот пристап на политиките на директна поддршка е да се обезбеди сеопфатна понуда на комплементарен сет на политики и мерки на поддршка кои со правилна комбинација од страна на претпримечливите земјоделци треба да ја зголемат нивната конкурентност, сепак постоечкото ниво на диверсификација на производството оправдува и потаргетиран третман на различните групи на производи од аспект на нивото на нивната конкурентност.

Оттука, заради поттикнување на позасилен развој и раст на земјоделството, поддршката е во најголем дел насочена кон стимулирање на предприемачките идеи во земјоделско-прехрамбениот сектор и во подсектори кои произведуваат производи со компаративни предности. Така, доминантниот износ од 60 проценти од финансиските средства за директните плаќања како најголемо издвојување од вкупните средства за поддршка, се насочени кон конкурентните и извозно ориентирани земјоделски производи како што се: производството на тутун, зеленчук, овошје, овчарството и козарството, производството на грозје и вино, оризот, органско производство, пчеларство и за воведување на стандарди за квалитет. Типот на мерките на поддршка за овие производи постепено се фокусира на субвенционирање врз основа на договор за производство или

субвенционирање насочено кон надминување на конкретни слабости во производниот циклус и маркетингот со цел искористување на неискористен потенцијал за развој на овие производи.

Од друга страна поради сигурност во обезбедувањето на основните прехрамбени производи за населението во Република Македонија, социјалната стабилност на руралното население поради доминантната ориентираност кон нивно производство и важност за одржување и развој на руралните средини, останува стратешката определба за поддршка на помалку конкрентните, но значајни земјоделски производи. Житните култури, кравјото млеко, и поголемиот број на индустриски производи кои без државна поддршка значително би го намалиле обемот на нивното производство, се поддржуваат со цел оддржување на оптимално ниво на производство. Поставувањето на мерките за поддршка на овие производи е во насока на зголемување на продуктивноста, пред се преку промена на постоечкиот расен или сортен состав.

***Зголемување на издвојувањата и бројот на мерките на инвестиционите договорни субвенции и останатите мерки од политиката за рурален развој вклучително поволното рурално кредитирање, надминување на структурните слабости (земјишната структура, хоризонталната и вертикалната интеграција) и советоданите служби***

Значително се зголемува учеството на инвестиционите субвенции и останатите мерки за рурален развој во вкупниот обем на средствата алоцирани за државна поддршка и тоа почнувајќи од првата година од планскиот период. Така, според индикативниот финансиски план, релативното учество на овие субвенции во вкупните финансиски средства за поддршка на земјоделството и руралниот развој (од национални и ЕУ фондови) ќе се удвои од 13% во 2012 на 27% во 2013 година.

Потребните средства за позасилени политики на рурален развој и за постепено воведување на некои од мерките на интервенција на пазарите, ќе се обезбедат од предвиденото зголемување на поддршката на земјоделството и руралниот развој до 2015 година, и со внатрешна прераспределбата, при што политиките на директни плаќања ќе го задржат генерално нивото на учество кое го имаат со издвојувањето за 2011 година.

Капиталните грантови за рурален развој, покрај за модернизација на земјоделските стопанства и преработувачките капацитети, прилагодување кон стандардите на ЕУ и диверзификација на економските активности во руралните средини, приоритетно ќе бидат алоцирани за реализација на:

- мерките од Програмата за работа на Владата на Република Македонија во делот на јакнење на руралната инфраструктура и подобрување на јавната маркетинг инфраструктура,
- поддршката на започнување на земјоделска активност на млади земјоделци и мерки на рано пензионирање,

- консолидација на земјоделско земјиште,
- поддршка на формирање и функционирање на земјоделски задруги, и поддршка на групи и организации на производители,
- агроеколошки мерки, мерки за воведување на енергетска ефикасност и поддршка на биодиверзитетот.

Мерките од политиките на рурален развој се очекува да придонесат кон модернизација, специјализација и поголема пазарна ориентираност на производителите и преработувачите, намалување на производните трошоци, подобрување на продуктивноста на факторите за производство и зголемување на развојниот потенцијал во согласност со реалните компаративни предности.

Заради обезбедување на доволно финансиски средства за поддршка на инвестиционите активности во земјоделството и руралните средини и сретнување на зголемениот интерес на земјоделците, преработувачите и откупувачите на земјоделски производи, со националната програма се проектира алоцирање на финансиски средства наменети за поволно кредитно финансирање на развојот на земјоделството и руралните средини. Со средствата ќе се обезбеди надополнување и одржливост во функционирањето на успешниот финансиски инструмент на Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд (ЗКДФ) во состав на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР) преку кој ќе се имплементираат кредитните пласмани. Во насока на подобрување на ликвидноста на откупувачите на земјоделските производи и со тоа на откупот на земјоделските производи и зајакнување на врските помеѓу производителите и откупувачите од почетокот на планирачкиот период во функција ќе се воведе новиот финансиски инструмент за директно кредитирање на откупот на земјоделски производи со кредитни услови и одредби кои се во насока на зајакнување на вертикалната интеграција.

Поради својата исклучителна важност во процесите на преструктуирање на земјоделските стопанства, во воведувањето на нови технологии и стандарди во производството, трансферот на знаење, поддршка во аплицирањето кон државните шеми на поддршка и особено за абсорбцијата на ИПАРД средствата, продолжува државното финансирање на советодавните услуги но во насока на зголемување на нивната ефикасност.

Годишниот износ на обезбедените субвенции на безплатни советодавни услуги преку покривање на трошоците за функционирањето на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во Република Македонија (во понатамошниот текст АПРЗ) изнесува 1,2 милиони евра годишно. Поради исклучителното значење на овој вид на поддршка во процесот на трансформација на земјоделските стопанствата, потребно е реално да се согледа конкретниот придонес на функционирање на концептот на државно администрирање на советодавните услугите и изборот на најефикасниот пристап.

Со политиките на рурален развој во планирачкиот период, а согласно Националната стратегија за консолидација на земјоделското земјиштето во Република Македонија за период од 2012-2020 година, се поддржуваат напорите за

воведување на политиката на консолидација на земјоделското земјиште преку покривање на трошоците за услугите потребни при размена на земјиштето во насока на окрупнување, изработка на елаборати за земјиштето и администрација на преносот на сопственост, а во понатамошната фаза (од 2014 година) и проектите за консолидација на земјоделското земјиште управувани од страна на надлежното министерство за земјоделство.

Со мерките од рурален развој ќе биде позасилено поддржано и економското здружување на малите земјоделски стопанства како доминантна форма во структурата на македонското земјоделско производство, кои поради индивидуалниот настап на пазарот, се во подредена состојба без можност рамноправно да преговараат со откупувачите и преработувачите. Мерките ќе го вклучуваат досегашниот систем на поддршка наменета за воспоставање и понатамошно функционирање на земјоделските задруги меѓутоа со зголемен број на мерки и изнтензитет на поддршка.

***Зголемување на ефикасноста и обемот на искористеност на предпристапните ИПАРД средствата***

Во насока на обезбедување на дополнителни финансиски средства за рурален развој, до крајот на планскиот период се планира започнување на користење на ИПАРД средствата со нови мерки кои се во процес на акредитација или ќе започнат да се акредитираат во следниот период, како што се мерките за: техничка помош, рурална инфраструктура, агроеколошки мерки, и др.

Воведувањето на мерките за рурален развој како дел од политиките на поддршка ќе започне со пилотирање на новите мерки во националната програма за рурален развој во првите неколку години од воведувањето на мерката, паралелно со одвивање на постапките за акредитација на мерките во ИПАРД програмата со цел постепено превземање на нивното финансирање од европските предпристапни средства во период од три години.

Со иста цел за зголемена абсорбција на предпристапните фондови за земјоделство и рурален развој, согласно наодите од мониторингот на спроведување на ИПАРД програмата и препораките од подсекторските работни групи, на почетокот на 2013 година ќе се финализираат модификациите на ИПАРД програмата, а до 2015 година по потреба ќе бидат иницирани и нови измени.

Зголемувањето на ефикасноста и обемот на искористеност на предпристапните ИПА средства за земјоделството и руралниот развој ќе се обезбедува и со активности на отстранување на идентификуваните слаби точки во имплементацијата на ИПАРД програмата како што се: слабиот капацитет на државната советодавна служба, прилагодување на кредитната политика и гаранциите за пристап кон поволни финансиски средства, поедноставување на административните постапки, забрзување на легализацијата на имоти на земјоделско земјиште и измени и спроведување на соодетните закони.

***Ориентираност кон постигнување на подобрени резултати на зголемено земјоделско производство и повисок квалитет на производите***

Со цел стимулирање на производителите за ориентираност кон постигнување на подобрени производни резултати на зголемен обем на производство и поголем квалитет на производите, дел од веќе поставените мерки на финансиска поддршка се модифицираат преку:

- префрлање на дел од мерките од политиките на директни плаќања во политките на рурален развој со цел нивно договорно имплементирање и следење на резултатите во период од пет години после инвестицијата (подигање на лозови и овошни насади, набавка на основно стадо и др),
- воведување на задолжително исполнување на одредени барања поврзани со примена на стандарди и постапки во производство, како услов за добивање на директните плаќања а во насока на постепено прилагодувањето кон принципот на вкрстена сообразност (cross-compliance) што е обврска од политиките на ЗЗП на ЕУ, односно исполнување на одредени услови кои се поврзани со зачувување на животната средина, безбедност на храна и заштита на животните. Како прв чекор кон таа цел е поставување на минималните барања на задолжителна и Добрата земјоделска пракса за секој производ, односно група на производи поединечно и нивно постепено воведување како услов за стекнување со правото за финансиска поддршка во следниот период, а во зависност со остварените услови на администрација, контрола и степен на подготвеност за исполнување на тие услови од страна на земјоделците. До крајот на планирачкиот период, најмалку 25% од износот на исплатена финансиска поддршка ќе биде условно поврзан со обезбедување на бараните основни и добри земјоделски пракси,
- воведување на различна висина на износот на финансиската поддршка за директни плаќања поврзани со исполнување на ниво на квалитет на производот (млеко) или доставувавање на самиот производ во следната повисока форма на преработка (жита и др.). Поврзувањето на висината на директните плаќања по единица производ со квалитетот на производот ќе зависи од остварување на системски услови за следење на квалитетот на производите при откупот.

***Амортизирање на негативните ефекти од влијанието на светската економска криза***

Заради пресретнување и амортизирање на негативното влијание на светската економска криза на флуктуациите на земјоделските пазари и

ранливоста на приходите на земјоделските стопанства во Република Македонија, во мерките за државна поддршка за земјоделството и руралниот развој ќе се воведе систем на дополнителни мерки од политиката за уредување и поддршка на пазарите со земјоделски производи. Согласно постоечкиот пристап на националните политики, но и според насоките за реформата во ЗЗП на ЕУ, мерките на пазарна поддршка ќе се спроведуваат согласно проценката за неопходност за нивно воведување самo во услови за надминување на пројавените поголеми пазарни нарушувања и обезбедување на стабилност на доходот на земјоделските производители согласно закон, и тоа како:

- интервенциски мерки, пред се како интервентен откуп на пченица и јачмен од домашно производство и на мерки за поддршка за складирање,
- мерки за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје и зеленчук и млеко и млечни производи, и
- обезбедување на дополнителни финансиски средства за веќе програмираните мерки на директни плаќања како државна помош.

***Спроведување на политиките на поддршка преку Интегрираниот систем за администрација и контрола***

Во насока на гаранција на правилно користење средствата од мерките за финансиска поддршка и намалувањето на злоупотребите, почнувајќи од 2013 година спроведувањето на мерките за поддршка ќе се одвива преку целосно функционирање на сите предвидени елементи на Интегрираниот систем за администрација и контрола (во понатамошниот текст ИСАК). Во согласност со постигнатато ниво на воведување на системите на ИСАК, тоа значи постигнување на целосна интероперабилност помеѓу регистрите и базите на податоци на релевантните институции и вклучување на Системот за идентификација на земјишни парцели (во понатамошниот текст СИЗП) во администрирање и контрола на мерките на поддршка. Паралелно понатаму ќе се зајакнува контролата и мониторингот на спроведување на мерките преку соодветно планирање на контролата, анализа на ризикот и јакнење на административниот капацитет за контрола во состав на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

***Примена на превземените обврски од пристапот во Светската трговска организација***

При поставување на мерките за државна поддршка на земјоделството и руралниот развој во предвид се земени усогласеноста на истите со превземените обврски од пристапот во Светската трговска организација (во понатамошниот текст СТО).

## Дефинирање на мерките за поддршка за периодот од 2013-2017 година

Мерките од Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој се групирани согласно поделбата на политиките пропишани во Законот за земјоделство и рурален развој односно како мерки на:

- директни плаќања,
- рурален развој и
- уредување и поддршка на земјоделски пазари, и
- технички мерки на поддршка.

Изборот на мерките во соодветните групи политики и големината на алоцираните средстава по политики е направен во насока на придонесување кон постигнување на приоритетите од поставените развојни цели во земјоделството и руралните подрачја во Република Македонија коишто се дефинирани во програмата и стратегијата, и со запазување на претходно елаборираните принципи и расположливост на буџетските средства. Воведувањето на мерките е условено и усогласено со потребата за развој на соодветен институционален капацитет и предусловите на терен за спроведување на одредени видови на поддршка (прифатливост и разбирање на целите за спроведување на соодветната мерка на поддршка, логистика итн.).

Подеталните критериумите и процедури за остварување на правото на поддршка на секоја од мерките ќе бидат подетално дефинирани во годишните програми за финансиска поддршка.

Во продолжеток се претставени индикативниот финансиски план за алоцирање на средствата за финансиска поддршка по политиките на поддршка кои ја сочинуваат националната земјоделска политика, односно пазарно-ценовната и политиката на рурален развој, како и преглед на инструментите, мерките и активностите за спроведување на мерките со временски распоред и рокови за секоја од овие политики.

# IV. ИНДИКАТИВЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН

Индикативниот финансиски план го содржи алоцирањето на вкупните финансиски средства на ниво на политиките на поддршка од националната земјоделска политика согласно дефинираните принципи на програмирање и планирањето на буџетот на Република Македонија во делот на поддршката на земјоделството и руралниот развој за периодот од 2013 до 2017 година.

Финансискиот план е основа за планирање на тековните буџетски издвојувања и за следење на реализација на програмата за секој планска година од периодот. Поради повеќегодишната временска рамка на планирање, финансискиот план по мерки на политиките треба да се земе како индикативен со настојување да се одржат планираните пропорции на средства по пооделни политики на поддршка. При спроведување на националната програма преку едногодишните програми за финансиска поддршка можно е соодветно прилагодување од помал обем согласно развојот на актуелните состојби пред се на ангажираните производни капацитети.

Табела 2: Извори на средства од национални и ЕУ средства за периодот 2013-2017 година во милиони €

| **Извори на средства (милион €)** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015-2017** |
|---|---|---|---|---|
| Буџет на РМ за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарството | 130 | 135 | 140 | 150 |
| ИПАРД | 3 | 3 | 5 | 5 |
| Субвенционирани советодавни служби (буџет на АПРЗ) | 1,1 | 1,2 | 1,4 | 1,5 |
| **Вкупно** | **134,1** | **139,2** | **146,4** | **156,5** |

Од податоците прикажани во претходните табели очигледен е позитивниот тренд на пораст на фискалните издвојувања за развојот на земјоделството и руралните средини во целина, како и издвојувањата насочени кон политиките на рурален развој во однос на политиките на директни плаќања, а во насока на поизбалансирано меѓусебно учество во поделбата на вкупните средства. Така, вкупниот износ на средства за поддршка на секторот и руралните области издвоени од националниот буџет и очекуваната абсорбција на ИПАРД средставата, се зголемува од 134,1 милиони евра во 2012 година на 156,5 милиони евра во 2015 година и понатаму.

Износот на средствата за структурните и мерките од политиката на рурален развој од година во година имаат поголемо процентуално учество и од 9 % во 2012 година, тие во 2015 година достигнуваат три пати повисоки 28% од вкупните средства за државна поддршка на земјоделството. Истовремено доаѓа до релативно намалување на учеството на мерките на пазарно-ценовна политика, и тоа од 87% во 2012 година на 74% во 2015 година, и поради префрлање на дел од мерките во политиките на рурален развој, но и поради фактот што зголемувањето на апсолутниот износ на директни плаќања е само поради проценетиот пораст на физичкиот обем на производните капацитети за периодот 2013-2015.

Износот на средства предвидени за интервенциите на пазарот како дел од пазарно-ценовната политика се наменети за мерки кои би се вовеле доколку

настанат непланирани нарушувања на пазарот, а согласно презентираното подолу во документот.

Слика 2. Проектиран тренд на алокација на финансиски средства за државната поддршка во земјоделството и руралниот развој по политики за периодот 2013-2015 година во милиони €




Табела 3. Индикативен финансиски план за државната поддршка во земјоделството и руралниот развој по политики за периодот 2013-2017 година во милиони €

| **Политики и мерки** | 2012 | | 2013 | | 2014 | | 2015-2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил € | % | мил € | % | мил € | % | мил € | % |
| Директни плаќања | 116,8 | 87% | 98,8 | 71% | 107,0 | 73% | 113,1 | 72% |
| **Интервенции** | 0 | 0% | 1,5 | 1% | 1,5 | 1% | 2,0 | 1% |
| **Пазарно-ценовна политика вкупно** | **116,8** | **87%** | **100,3** | **72%** | **108,5** | **74%** | **115,1** | **74%** |
| РР мерки | 13,2 | 10% | 31,7 | 23% | 27,5 | 18% | 30,0 | 19% |
| Кредитирање - ЗКДФ | 0 | 0% | 3,0 | 2% | 4,0 | 3% | 5,0 | 3% |
| **РР национ. буџет** | **13,2** | **10%** | **34,7** | **25%** | **31,5** | **21%** | **34,9** | **22%** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АПРЗ | 1,1 | 1% | 1,2 | 1% | 1,4 | 1% | 1,5 | 1% |
| ИПАРД | 3,0 | 2% | 3,0 | 2% | 5,0 | 3% | 5,0 | 3% |
| **Рурален развој вкупно** | **17,3** | **9%** | **38,9** | **28%** | **37,9** | **26%** | **41,4** | **26%** |
| **Рибарство** | 1,0 | 1% | 1,2 | 1% | 1,4 | 1% | 1,5 | 1% |
| **Техничка поддршка** | 0.2 | 0% | 0,5 | 0% | 0,6 | 0% | 0,6 | 0% |
| **Поддршка национ. програми** | **130,0** | **97%** | **135,0** | **97%** | **140,0** | **96%** | **150,0** | **96%** |
| **Вкупно поддршка** | **134,1** | **100%** | **139,2** | **100%** | **146,4** | **100%** | **156,5** | **100%** |

Во вкупниот износ на средствата наменети за директни плаќања во 2013 година, а која структура се задржува и во следниот период, мерките на директни плаќања што се базираат на исплата по капацитет (површина и грло) учествуваат со 70% од вкупниот износ на средства, додека остатокот од 30% (1,8 милијарди денари) отпаѓа на поддршката по производ поврзана со произведените количини.

Најголем дел од директните плаќања, 60% отпаѓаат на поддршка на производи кои се извозно ориентарани (тутун, градинарство, лозарство и овоштарство, овчарство и козарство) и на подсекторите со изразена компаративна предност - рибарство, пчеларство и на поддршка на воведување на повисоки стандарди на производство како што се органското производство и Еурогап.

## V. ПАЗАРНО-ЦЕНОВНА ПОЛИТИКА И МЕРКИ: ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА И УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ

Политиките на директни плаќања и уредување на пазарите се политики на кои досега се издвојуваа околу 90% од вкупните финансиски средства за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Преку различните мерки, двете политики директно или индиректно го подржуваат доходот во земјоделството со ограничено влијание на пазарот и цените.

Мерките на директни плаќања на кои се алоцирани најголемиот дел од вкупните средства за поддршка, се реализираат како: исплата по површина засеано растително производство, грло одгледуван добиток или по единица производ предаден за преработка. Политиката на уредување на пазарите од друга страна, односно нејзиниот ценовно-пазарен дел на интервенции на пазарот, се имплементираше преку ограничени мерки на интервентен откуп по дефинирана цена за количините пченица предвидени за откуп за стоковите резерви.

## Директни плаќања

Политиките на директни плаќања како доминантна позиција на мерките на пазарно-ценовна поддршка е дизајнирана првично да обезбеди поддршка на доходот на земјоделските стопанства со тенденција за искористување на ограниченото влијание на овој тип на мерки во насока на охрабрување на процесот на реструктуирање на земјоделските стопанства за зголемување на нивната конкурентност, преку дефинирање на критериуми на мерките согласно специфични потсекторски потреби.

Како резултат на веќе постигнатото оптималното ниво на поддршка на приходот на земјоделците кое се движи од 5 до дури 90% од вкупниот приход на земјоделските производители на одделни производи, висината на износот на финансиската поддршка за мерките на директни плаќања за следниот трогодишен период кај најголем дел од земјоделските производи ќе се задржи на оствареното ниво на поддршка за 2011 година.

Концептот на директни плаќања го задржува досегашниот пристап на имплементација на политиката на директни плаќања со кумулација на поддршката по вертикална основа независно од политиката на која тие директни плаќања припаѓаат (пазарно-ценовна поддршка, рурален развој или државна помош), со почетна основа која ја сочинуваат т.н. основните директни плаќања.

**Основни директни плаќања**

Основните директни плаќања се состојат од директни плаќања по производен капацитет (плаќање по обработена земјоделска површина и грло добиток), и директни плаќања по произведена количина земјоделски производи (премии).

Плаќања кои се базираат на производен капацитет, односно на засеана површина и број на животни се наменети за земјоделските производители и одгледувачи на животни кои имаат право на користење на земјоделски имот согласно закон и со истите активно извршуваат земјоделска дејност. Со цел постепено усогласување со политиките од првиот столб на ЗЗП на ЕУ се до целосно прифаќање на концептот на директни плаќања кои воопшто не се поврзани со типот и обемот на производството[4], развојот на националните директни плаќања по површина се одвива во насока на унифицирање на износот на поддршка по групи на производи на база на земјоделските подсектори и тоа: група со широк опсег на поледелски култури, група на постојани насади, и група градинарски култури.

---

4 Тековните политики на директни плаќања претпоставуваат облик на единствени плаќања за земјоделски стопанства на основа на историски права, а помал дел е остаток од некогашните производно врзани плаќања на површина и по грло.

Ваквиот пристап треба да овозможи намалување на проблемите кои земјите што пристапуваат кон ЕУ ги имаат при преминување од комплексен систем на голем број на различни мерки на поддршка по култури кон крајно поедноставениот систем на плаќање на униформен износ по површина кој се применува во унијата и е предвиден и во периодот после 2013 година. Обликот на регионален модел прилагоден за новите членки на ЕУ кои пристапија во унијата после реформата од 2003 година, наречен Поедноставена шема на плаќања на површина (Simplified Area Payment Schemes - SAPS), е моделот кој претставува цел за среднорочно прилагодување на македонската политика на директни плаќања.

За одгледувачите на добиток плаќањата се однесуваат на грло добиток регистрирано во системот на идентификација и регистрација на обележан добиток и со респектирање на позитивните законски одредби од делот на безбедност на храна и заштита на животните.

<u>Директните плаќања по произведена количина земјоделски производ</u> е финансиска поддршка за одредени стратешки значајни групи на производи важни од економски или социјален аспекти кои се наоѓаат во фаза на преструктуирање, и која се реализира по единица производ продаден во преработувачки капацитети и откупни претпријатија, а заради:

- одржување на нивото на производството и зголемување на продуктивноста на производството,
- канализирање на трговијата со земјоделските производи низ формалните маркетинг канали, и заради
- зајакнување на вертикалната интеграција.

Во следниот петгодишен период, согласно претходно поставените принципи, остварувањето на правото на финансиска поддршка ќе биде предмет на задолжително исполнување на одредени барања поврзани со примена на стандарди и постапки во производството, кое е и во насока на постепено прилагодувањето кон принципот на вкрстена сообразност[5]. Постепеното воведување на услови кои треба да се исполнат за обезбедување на пристап кон средствата за директни плаќања произлегува и од перспективниот развој на системот на директни плаќања во ЗЗП кој оди во насока на заострување на условите за добивање на средствата и задржување на директните плаќања како дел од системот на директни плаќања на политиката на рурален развој (комбинирано со агроеколошки плаќања и плаќања за подрачја со ограничени можности за земјоделство).

5 Овие услови се помалку изискателни додека се изведува САПС системот, односно во првиот период после пристапување на Република Македонија во унијата, но се важни за мерките на директни плаќања во рамките на политиката на рурален развој, која што би требало да има посебно значење во македонската политика после пристапување во ЕУ.

Воведувањето на ваквите барања е со цел постигнување на ориентираност кон постигнување на подобрени резултати на зголемено земјоделско производство и повисок квалитет на производите, но и истовремено заштита на животната средина и оптимално користење на природните ресурси и енергијата постепено ќе се воведуваат принципите на добра земјоделска и хигиенска пракса[6] (ДЗХП) како услов за стекнување со правото за користење на финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој. Барањето од типот на ДЗХП ќе се воведуваат постепено, на почетокот како барања за *основна земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса* и тоа за одредени категории на корисници кои се разликуваат според износот на приходите од субвенциите остварени во претходната година (и доколку за истите мерки корисникот повторно поднесува барање за финансиска поддршка тековната година), почнувајќи со корисниците кои имаат поголеми имоти и остваруваат поголеми износи на средства за поддршка.

Барањата преточени во водич во најголем дел ќе ги вклучуваат задолжителни одредби од важечките закони од националното законодавство од областа на земјоделството, ветеринарството и заштитата на животната средина а се однесуваат на добрата земјоделска и хигиенска пракса, но и такви кои осигураат спроведување на основни агро-технички практики во одгледувањето на растенијата или животните, при тоа водејќи сметка за одржлив развој на земјоделство.

Во првата фаза на воведување на барањата од 2013 година, ќе бидат опфатени оние кои се однесуваат на одговорно управување со земјиштето (одржување на плодноста на почвата, нејзината структура и нутритивниот систем), одговорната употреба и заштита на водата, редуцирањето на употребата на хемиски препарати и унапредување на ефикасноста на користењето на природните енергетски ресурси, а во втората фаза и останатите аспекти од кодексот на ДЗХП.

Корисниците кои остваруваат право на поголеми износи од дефинираните, ќе треба да се придржуваат задолжително кон пропишаните мерки за воведните принципи на основна земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса со можност за пролонгирано спроведување на дел од барањата за кои се потребни инвестициони активности врз основа на подготовен индивидуален план за воведување на барањата чија реализација ќе биде следена од страна соодветните инспекциски служби. Барањата кои се поврзани со инвестициони зафати ќе се поддржат преку мерките од Програмата за рурален развој каде истите при одобрувањето ќе добиваат поголем број на бодови.

---

[6] Основата за изготвување на Кодексот на добра земјоделска и хигиенска пракса е член 78 став 3 од Законот за земјоделството и руралниот развој,(Службен весник на Република Македонија" бр.49/10) со кој министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го објавува Кодексот на добра земјоделска и хигиенска пракса. Субјектите кои се занимаваат со производство на земјоделски производи и се наменети за промет мора да ја почитуваат добрата земјоделска и хигиенска пракса.

Минималните барања согласно Добрата земјоделска пракса ќе се воведуваат за групи на производи на кои се однесуваат директните плаќања. Нивното воведување како услов за стекнување со правото за финансиска поддршка ќе се одвива постепено зависно и од остварените услови на администрација, контрола и степенот на подготвеност за исполнување на тие услови од страна на земјоделците.

Барањата за основна земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса ќе преставуваат своевиден вовед, односно подготовка за постепено воспоставување на на задолжителни барања во земјоделството за управување во делот на заштита на средината и благосостојба на животните кои почетна основа за стекнување на правото на поддршка по влез во ЕУ.

Со цел постигнување на подобрени резултати на зголемено земјоделско производство, кај директните плаќања по производен капацитет ќе се воведат критериуми за гарантирање на доставување на самиот производ во следната повисока форма на преработка, додека кај директните плаќања по произведена количина земјоделски производи ќе се воведе различна висина на износот на финансиската поддршка за директни плаќања поврзани со исполнување на ниво на квалитет на производот.

**Дополнителни директни плаќања**

Дополнителните директни плаќања се шеми на директни плаќања кои се надополнување на износот на основните директни плаќања како процент од истите, или апсолутен износ на средства, и други производни или непроизводно поврзани директни плаќања насочени кон надминување на одредени неповолни состојби во земјоделското производство. Согласно припадноста по политиките, дополнителните директни плаќања покрај мерки на политиките на директни плаќања, се и мерки од политиките на рурален развој, и мерки на државна помош во земјоделството.

Во **политиката на рурален развој** се вклучени таканаречените зелени плаќања односно агроеколошките мерки и органско производство, кои се подетално образложени во делот VII за Политиките на рурален развој, како и дополнителните плаќања како процент од основните, наменети за помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност.

Во делот на **државна помош во земјоделството и руралниот развој** се вклучени директни плаќања за:

- Помош за одделни категории на носители на земјоделско стопанство (индивидуален земјоделец правно лице, млад земјоделец или жена носител на семејно-земјоделско стопанство) кои треба да стимулираат влез во земјоделскиот сектор на одредени категории на земјоделци во

насока на обезбедување на одржливост на земјоделството и руралните средини. Специјализираните земјоделски стопанства со претежна дејност земјоделско производство ќе добиваат повисоко ниво на поддршка како семејни земјоделски стопанства со правен статус на носителот, но ќе се дефинираат и *активни земјоделски домаќинства* кои остваруваат доминантен дел од вкупниот приход од земјоделска дејност и кои ќе ја добиваат максимално дозволената со закон дополнителна финансиска поддршка.

- Анализа на физичките и хемиските својства на почвата за поддршка на поширока примена на анализата на почвата што е основа кон примена на добра земјоделска пракса. Анализата на физичките и хемиските својства на почвата се воведува како задолжителен услов за добивање на основните директни плаќања за одредени мерки и категории на корисници на поддршка (поврзано со големина на производни капацитети и/или износ на пресметана поддршка) почнувајќи од 2013 година.
- Помош за премии за осигурување на примарното земјоделско производство од природни непогоди и неповолни климатски настани заради поттикнување на земјоделците за осигурување на земјоделското производство како единствен начин за намалување на ризиците од негативните ефекти од природните непогоди, и на крајот,
- Помош за воведување на повисоки стандарди и заштита на квалитетот на земјоделски производи во насока на зголемување пазарната препознатливост и зголемување на додадената вредност на македонските земјоделски производи.

**Директни плаќања за инпути во земјоделското производство** е поддршка која се доделува за зголемено домашно производство на инпути, пред се саден или семенски материјал, и за зголемено користење на инпути со соодветен квалитет, односно сертифициран семенски материјал и посадочен материјал. Ваквата поддршка е во насока на подобрување на квалитетот на садниот материјал кај растителното производство од кој директно зависи продуктивноста на производството. Мерките за финансиска поддршка за производство на домашен сертифициран семенски материјал за житни и индистриски култури во висина од 15.000 ден/ха, за производство на домашен лозов калем и овошен саден материјал (25 ден/калем и садница) ќе се применуваат и во програмскиот период под истите услови како и досега. Дополнително од 2013 година, се воведува и мерка за поддршка на производство на сертифициран посадочен материјал за градинарски производи, поддршката за семенско производство на градинарски култури, на основен и предосновен материјал за жита.

Во делот на сточарството продолжува имплементацијата на мерката за поддршка на успешно вештачкото осеменување на говеда, додека набавката на

живи животни од познато генетско потекло како мерка за подобрување расниот состав и подигање на насади со повеќегодишни култури (овошни и лозови насади) и подигање на медоносна флора, се префрла во делот на политиките за рурален развој.

Согласно закон, поднесувањето на барање за финансиска поддршка за директни плаќања продолжува да биде условено со:

- евидентирање на земјоделските стопанства во Единствениот регистер на земјоделски стопанства, а од 2013 година и со задолжителна дигитализација на земјишните парцели во СИЗП,
- целосно и навремено покривање на обврските за закупнината кои произлегуваат од користење на земјиште и пасишта во државна сопственост, воден надомест и земјоделска механизација доделена преку МЗШВ,
- исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за здравствена заштита на животни, Законот за ветеринарно здравство и Законот за идентификација и регистрација на животни.

Со цел управување со приоритетите на буџетските расходи во насока на обезбедување поправедана и порамномерна распределба на средствата помеѓу земјоделците со различни економија на обем и спречување на концетрацијата на финансиски средства, износот на субвенции по единица површина или по грло над одредена големина површина/број на добиток се исплаќа како дефиниран процент од основната субвенција по единица површина или по грло.

Слика 3. Приказ на мерките на директни плаќања

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА | |
|---|---|
| **Мерки на политиките на рурален развој** | |
| - Агроеколошки мерки | МКД/ха или грло за вклучените мерки |
| - Органско производство | + 30% од ОДП * |
| - Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност | + 15% од ОДП |
| **Мерки на државна помош во земјоделството и руралниот развој** | |
| - Помош за одделни категории на носители на земјоделско стопанство | |
| - ИЗ, правно лице | + 5% од ОДП |
| - млад земјоделец носител на СЗС | + 10% од ОДП |

| | |
|---|---|
| - активни земјоделски домаќинства | + 20% од ОДП |
| - Анализа на физичките и хемиските својства на почвата | 70% од трошоци |
| - Помош за воведување на повисоки стандарди на квалитет на земјоделски производи ГЛОБАЛГАП | 20% од ОДП и др. поддршка |
| - Помош за премии за осигурување на примарното земјоделско производство | 60% од трошоци |
| **Мерки на директни плаќања за инпути во земјоделското производство** | |
| - Поддршка за зголемено домашно производство на инпути (семенски и посадочен материјал)<br>- Поддршка за користење на инпути со соодветен квалитет и потекло<br>- Поддршка на успешно вештачкото осеменување на говеда | |
| **ОСНОВНИ ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА** | |
| - Директни плаќања по производен капацитет (по површина и грло добиток)<br>- Директни плаќања по единица производ | |

* ОДП - Основни директни плаќања

## Уредување на пазарите на земјоделските производи

Поради очекуваниот тренд на понатамошна нестабилност на пазарите со земјоделско-прехрамбени производи и земјоделски инпути, како резултат на продолжување на постоењето на специфични влијанија на факторите кои ја одредуваат светската понуда и побараувачка и нивниот ефект на ранливоста на приходите на земјоделските стопанства во Република Македонија, и во следниот петгодишен период продолжува спроведувањето на мерките од политиките на уредување и интервенции на пазарите.

Интервенциите на пазарите ќе се спроведуваат во ограничен обем со запазување на пазарните односи и конкуренцијата во насока на пресретнување и амортизирање на негативното влијание на надворешните фактори. Мерките ќе се воведуваат согласно проценката за неопходност за нивно воведување само во услови за надминување на пројавените поголеми пазарни нарушувања и обезбедување на стабилност на доходот на земјоделските производители.

Планирани инструменти на во делот на уредување на пазарите се: интервенциски мерки пред се како интервентен откуп, поддршка за складирање на земјоделски производи, мерки за поттикнување на потрошувачка, и обезбедување на дополнителни финансиски средства за веќе програмираните мерки на директни плаќања како државна помош.

Досегашните **интервенциски мерки за стабилизација на понудата и побарувачката на домашниот пазар** на земјоделски производи кои се однесуваат на интервентен откуп на пченица и јачмен од домашно производство, по потреба ќе бидат применувани и во следниот плански период. Проширувањето на типот на производите кои се предмет на интервенција е поврзано со воведување на тие производи во системот на стокови резерви.

Покрај интервентниот откуп во следниот период доколку има потреба ќе се продолжи со примена и на мерки за поддршка за складирање со обезбедување на пониска цена за складирање или покривање на трошоците за складирање на одделни земјоделски производи, и тоа преку продолжување на субвенционираното скласирање на пченицата за пелагонискиот регион во државните складишта и приватно складиштење.

Од групата на **мерки за поттикнување на потрошувачката** ќе биде разработена и методологија за примена на мерките за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје и зеленчук и млеко и млечни производи насочени кон подобрување на квалитетот на исхраната на лица под 18 години, лица изложени на социјални ризици по здравјето и ризици од сиромаштија, вклучени во државниот образовен, здравствен и социјален систем.

Дополнителни мерки кои ќе бидат применети во услови на поголеми пазарни нарушувања се мерките на **државна помош со обезбедување на дополнителни финансиски средства** за вклучените мерки на директни плаќања во насока на дополнителна поддршка на приходот на земјоделските производители во однос на претходно планираната.

Средствата планирани како финансиска резерва за спроведување на мерките на пазарна поддршка за надминување на пазарните нарушувања во висина од 3% од вкупно алоцираните средства за поддршка на земјоделството и руралниот развој, ќе се користат и за поддршка наменета за поголеми фискални импликации поради нови влез на нови корисници на мерките за финансирање во тековната година.

Поради својата специфичност и ризикот од нарушувања на пазарот на грозје и вино, доколку има потреба во следниот период ќе бидат превземени **систем од мерки подршка на лозарството и винарството** од делот на уредување на пазарот. Покрај тековната поддршка за преструктуирање и обнова на лозовите насади, како и подршката за модернизација на вински подруми и мерките за промоција на македонското вино на алтернативните пазари, во услови на зголемена понуда на пазарот над реалната побарувачка ќе се воведе и мерката за зелена резидба и дополнителна условна финансиска подрршка за винарските

визби за стимулирање на откупот на винското грозје. Зелена резидба („зелена берба“) претставува целосно уништување или отстранување на лозови гроздови додека тие се сè уште во незрела фаза, со што приносот од релевантната површина се намалува, придонесувајќи кон воспоставување на рамнотежата на понудата и побарувачката на пазарот за вино со цел да се спречи пазарна криза, истовремено подобрувајќи ги квалитативните својства на винското грозје.

Поддршката за зелената берба се доделува во форма на исплата (компензација) по единица површина (хектар), при што надоместокот не смее да надмине 50% од збирот на директните трошоци на уништување или отстранување на лозови гроздови и загубите на приходот настанати како резултат на отстранувањето на лозови гроздови. Бербата на зелени производи не се применува на истата парцела две години последователно.

Одредбите за спроведување на мерката, вклучуваат:

(i) претходна најава за спроведување на берба на зелено;

(ii) висината на надоместокот кој ќе се исплати;

(iii) правила кои обезбедуваат дека засегнатите површини ќе се одржат во добри вегетативни услови и дека нема да има негативно влијание кон животната средина ниту било какви фитосанитарни последици кои произлегуваат од примената на мерката.

Краен рок за поднесување на барања за мерката е помеѓу 15 април и 31 мај секоја година, при што до 31 мај треба да се утврдат очекуваната состојба на пазарот и оправданоста за зелената берба за целите на воспоставување на рамнотежа на пазарот и заштита од криза;

Мерката е предмет на ригорозни и систематски контроли, вклучително и контрола на самото место на површините, по реализација на бербата. Сите контроли треба да се изведат помеѓу 15 јуни и 31 јули во годината во која се спроведува мерката.

Со цел подобрување на настапот на земјоделците на пазарите преку нивно здружување, во планскиот период почнувајќи од 2013 година ќе се започне со имплементација со поддршката која правно е уредена во Законот за земјоделство и рурален **развој на организации на производители во овоштарство и градинарство** врз основа на одобрена оперативна програма за работа што може да вклучува активности за промоција и маркетинг, заштита на животната средина и стабилизација на пазарот.

**Како комплементарни политики на мерките на поддршка за уредување на земјоделските пазари** за следниот тригодишен период остануваат:

- доследната имплементација на одредбите од Законот за земјоделство и рурален развој за уредување на условите и начинот за вршење на трговија со земјоделски производи со цел за зачувување на конкурентските услови и договорните односи во процесот на додадена вредност која вклучувава регулирање на откупот на земјоделските

производи, договорните односи и регистрирање на откупувачите и извозниците, и

- спроведување на одредбите за надворешно-трговска заштита и заштита на пазарот согласно закон и склучени меѓународни договори, во делот на врзување на количини на увоз на одредени земјоделски производи со откупот на земјоделски производи произведени во Република Македонија, и пропишување на дополнителни увозни давачки над минимална цена на граница.

Прегледот на планираната висина на финансиската поддршка по мерките на основните директни плаќања и начинот на нивно спроведување за периодот 2013-2017 година е претставен во Табела 14. Преглед на мерки на основни директни плаќања за периодот 2013-2017 година.

## Табела 4. Преглед на мерките на основни директни плаќања 2013-2017

| **Година - за/ Мерка Финан. поддршка Износ/ Услови** | **2012** | **Период на планирање на програмата** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **2013** | **2014** | **2015** | **Период до 2017 година** |
| **Поледелско производство**<br>обработлива земјоделска површина | 9.000 ден/ха за сите поледелски култури (освен тутун) | 9.000 ден/ха за сите поледелски култури (освен тутун)<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска пракса за поледелски култури за дадени корисници (анализа на физичките и хемиските својства на почвата, нормарив на | 9.000 ден/ха за сите поледелски култури (освен тутун)<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска пракса за поледелски култури за дадени корисници (анализа на физичките и хемиските својства на почвата, нормарив на | Износ од 12.000 ден/ха:<br>- принципи на добра земјоделска пракса со задолжителна употреба на сертифицирано семе*<br>Износ од 6.000 ден/ха:<br>- принципи на основна земјоделска | Износ од 12.000 ден/ха:<br>- принципи на добра земјоделска пракса со задолжителна употреба на сертифицирано семе<br>Износ од 6.000 ден/ха:<br>- принципи на земјоделска и добра |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | употреба на семенски материјал, примена на хемиски третман, итн) | употреба на семенски материјал, примена на хемиски третман, итн) | и добра земјоделска пракса | земјоделска пракса |
| обработлива земјоделска површина со сточна храна | дополнителни 1.000 ден/ха | дополнителни 1.000 ден/ха | дополнителни 1.000 ден/ха | дополнителни 1.000 ден/ха | |
| обработлива земјоделска површина со сончоглед и ориз | дополнителни 3.000 ден/ха | дополнителни 3.000 ден/ха | дополнителни 3.000 ден/ха | дополнителни 3.000 ден/ха | |
| употреба на сертиф. семе | дополнителни 3.000 ден/ха | дополнителни 3.000 ден/ха | дополнителни 3.000 ден/ха | / | |
| **Градинарско производство**<br>обработлива земјоделска површина | 23.000 -30.000 ден/ха | 30.000 ден/ха за домат и краставица<br>6.000 ден/ха за дињи, лубеница, тиква и декоративни растенија<br>25.000 ден/ха за останати градинарски култури<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска пракса | 30.000 ден/ха за домат и краставица<br>6.000 ден/ха за дињи, лубеница, тиква и декоративни растенија<br>25.000 ден/ха за останати градинарски култури<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска пракса | 30.000 ден/ха за домат и краставица<br>6.000 ден/ха за дињи, лубеница, тиква и декоративни растенија<br>25.000 ден/ха за останати градинарски култури<br>- принципи на добра земјоделска пракса | 30.000 ден/ха за домат и краставица<br>6.000 ден/ха за дињи, лубеница, тиква и декоративни растенија<br>25.000 ден/ха за останати градинарски култури<br>- принципи на добра земјоделска пракса |
| производство во | дополнителни 90.000 | дополнителни 90.000 | дополнителни 90.000 | дополнителни 90.000 | дополнителни 90.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| контролирани услови | ден/ха | ден/ха | ден/ха<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса | ден/ха<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса | ден/ха<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса |
| предадени количини во преработувачки капацитет | 2,0 ден/кг пиперки, корнишони (1,5 ден/кг за останати) | 2,0 ден/кг пиперки, корнишони (1,5 ден/кг за останати) | 2,5 ден/кг пиперки, корнишони (1,5 ден/кг за останати)<br><br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска пракса | 2,5 ден/кг пиперки, корнишони (1,5 ден/кг за останати)<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса | 3,0 ден/кг пиперки, корнишони (1,5 ден/кг за останати) или трансформирање во плаќање по површина |
| **Овошни насади**<br><br>обработлива земјоделска површина | 28.000 ден/ха и 15.000 ден/ха за ореви, костени, и останати помалку интензивни овошки | 28.000 ден/ха и 15.000 ден/ха за ореви, костени, и останати помалку интензивни овошки<br><br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска пракса | 28.000 ден/ха и 15.000 ден/ха за ореви, костени, и останати помалку интензивни овошки<br><br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска пракса | 28.000 ден/ха и 15.000 ден/ха за ореви, костени, и останати помалку интензивни овошки<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса | 30.000 ден/ха и 15.000 ден/ха за ореви, костени, и останати помалку интензивни овошки<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса |
| предадени количини во преработувачки капацитет | 2,0 ден/кг | 2,0 ден/кг | 2,0 ден/кг | 2,0 ден/кг | 2,0 ден/кг или трансформирање во плаќање по површина |
| **Лозови насади**<br><br>обработлива земјоделска површина | 40.000 ден/ха | 40.000 ден/ха<br><br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска | 40.000 ден/ха<br><br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска | 40.000 ден/ха<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса | 40.000 ден/ха<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | пракса | пракса | | |
| **Тутун**<br><br>произведен и продаден суров ориентален тутун | 60 ден/кг | 60 ден/кг<br><br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска пракса | 60 ден/кг<br><br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска пракса | 60 ден/кг<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса | 60 ден/кг<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса<br><br>- предлози за доброволно алтернативно производство изработени од советодавни служби |
| **Ливади и пасишта**<br><br>земјоделска површина | / | / | 1.000 ден/ха<br><br>- пропорционално на број на одгледувани грла<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса | 2.000 ден/ха<br><br>пропорционално на број на одгледувани грла | Мерата се трансформира во АЕ мерка |
| **Говедарство**<br><br>обележано грло | 2.800 ден/грло | 2.800 ден/грло<br><br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса | 2.800 ден/грло<br><br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса | 2.800 ден/грло<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса | 2.800 ден/грло<br><br>- принципи на добра земјоделска пракса |
| основно стадо за производство на говедско месо 12-24 месеци | | дополнителни 1.500 ден/женско грло | дополнителни 1.500 ден/женско грло | дополнителни 1.500 ден/женско грло | Истата мерка или мерата се трансформира во АЕ мерка за подрачја со ограничени услови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| заклани грла во регистриран кланичен капацитет | 1.500 ден/грло<br>плус 2.000 ден/грло од 8-18 месеци | 1.500 ден/грло<br>плус 2.000 ден/грло од 8-18 месеци | 1.500 ден/грло<br>плус 2.500 ден/грло од 8-18 месеци | 1.500 ден/грло<br>плус 3.000 ден/грло од 8-18 месеци | 1.500 ден/грло<br>плус 4.000 ден/грло од 8-18 месеци |
| **Овчарство и козарство**<br>обележано грло | 1.000 ден/грло овца<br>900 ден/грло коза | 1.000 ден/грло<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса | 1.000 ден/грло<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса | 1.000 ден/грло<br>- принципи на земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса | Истата мерка или мерата се трансформира во АЕ мерка за подрачја со ограничени услови |
| задржано женско јагне/јаре 6-18м | 700 ден/грло јагне<br>700 ден/грло јаре | 700 ден/грло јагне<br>700 ден/грло јаре | 700 ден/грло јагне<br>700 ден/грло јаре | 700 ден/грло јагне<br>700 ден/грло јаре | |
| **Млеко (кравјо, овчо и козјо)**<br>литар предадено во млекара | 3,5 ден/л | 3,5 ден/л<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса | според квалитет: 2,5 ден/л 2-ра класа, 3,5 ден/л 1-ва класа, и 4 ден/л екстра класа<br>- имплементација на план за индивидуална надградба на капацитет**<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса | според квалитет: 2,0 ден/л 2-ра класа, 3,5 ден/л 1-ва класа, и 4 ден/л екстра класа<br>- имплементација на план за индивидуална надградба на капацитет<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса | според квалитет: 1,5 ден/л 2-ра класа, 3,0 ден/л 1-ва класа, и 4 ден/л екстра класа<br>- имплементација на план за индивидуална надградба на капацитет<br>- принципи на добра земјоделска и хигиенска пракса |
| **Свињарство**<br>женско приплодно грло | 900 ден/грло | 1.000 ден/грло<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска и | 1.000 ден/грло<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска и | 1.000 ден/грло<br>- принципи на земјоделска и добра земјоделска и | 1.000 ден/грло |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | хигиенска пракса | хигиенска пракса | хигиенска пракса | |
| предадени или заклани грла | 1.000 ден/грло | 1.000 ден/грло | 1.000 ден/грло | 1.000 ден/грло | 1.000 ден/грло |
| **Живинарство**<br>одгледани и продадени бројлери | 30 ден/грло | 30 ден/грло<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса | 30 ден/грло<br>- воведни принципи на земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса | 30 ден/грло<br>- принципи на земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса | 30 ден/грло |
| амортизирани несилки | 25 ден/грло | 25 ден/грло | 25 ден/грло | 25 ден/грло | 25 ден/грло |
| еднодневни бројлерски пилиња и јајценосни хибриди | 3 ден/грло | 2 ден/грло за сопствени потреби<br>4 ден/грло продадени | 2 ден/грло за сопствени потреби<br>4 ден/грло продадени | 2 ден/грло за сопствени потреби<br>4 ден/грло продадени | 2 ден/грло за сопствени потреби<br>4 ден/грло продадени |
| **Пчеларство** | 600 ден/семејство | 600 ден/семејство<br>плус мерките од Програма за унапредување на пчеларство | 600 ден/семејство<br>плус мерките од Програма за унапредување на пчеларство | 600 ден/семејство<br>плус мерките од Програма за унапредување на пчеларство | 600 ден/семејство<br>плус мерките од Програма за унапредување на пчеларство |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сертифициран семенски материјал** за житни и индистриски култури (со поддршка на семе за компир и градинарски култури од 2014 година)<br><br>земјоделска површина | 15.000 ден/ха | 15.000 ден/ха | 15.000 ден/ха<br><br>- износот за градинарските култури и компирот ќе биде дополнително дефиниран | 15.000 ден/ха<br><br>- износот за градинарските култури и компирот ќе биде дополнително дефиниран | 15.000 ден/ха<br><br>- износот за градинарските култури и компирот ќе биде дополнително дефиниран |
| **Лозов калем и овошен саден материјал** | 25 ден/калем и садница | 25 ден/калем и садница | 25 ден/калем и садница | 25 ден/калем и садница | 25 ден/калем и садница |
| **Сертифициран посадочен материјал** за градинарски производи | / | 5 ден/младо растение | 5 ден/младо растение | 5 ден/младо растение | 5 ден/младо растение |
| **Предосновен и основен семенски материјал** за житни култури | / | до 20 ден./кг произведен предосновен семенски материјал<br><br>до 8 ден./кг произведен основен семенски материјал | 20 ден./кг произведен предосновен семенски материјал<br><br>до 8 ден./кг произведен основен семенски материјал | 20 ден./кг произведен предосновен семенски материјал<br><br>до 8 ден./кг произведен основен семенски материјал | 20 ден./кг произведен предосновен семенски материјал<br><br>до 8 ден./кг произведен основен семенски материјал |

* воведувањето на модалитетот зависи од проценката за обезбеденост на доволно количество на сертифициран семенски материјал

** воведувањето на модалитетот зависи од поставеноста и функционалноста на системот за контрола на квалитетот на млекото

# VI. ПОЛИТИКА И МЕРКИ НА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## Цели на политиката за рурален развој

Политиката за рурален развој ги содржи сите елементи на модерна државна интервенција за поттикнување на развој преку модернизација и структурно прилагодување на земјоделско-прехрамбениот сектор како и поттикнување на економски активности за зачувување на природните, културните и развојните вредности на руралните подрачја, а кои се дефинираат во согласност со потребите, можностите и целите на ефикасна и ефективна политика.

Политиката за рурален развој се остваруваат следниве приоритетни области за поддршка:

**Приоритетна област 1: Зголемување на конкурентската способност на земјоделскиот и на шумарскиот сектор** *насочена кон промовирање на знаење и унапредување на човечкиот потенцијал во руралните средини; реструктуирање и развој на физичкиот потенцијал и промовирање на иновативни практики и подобрување на квалитетот на земјоделски производи преку поддршка на економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност.*

**Приоритетна област 2: Заштита и унапредување на животната средина и руралните предели** *е насочена кон промоција на земјоделски производни практики за одржлива употреба на земјоделско земјиште, заштита и унапредување на животната средина и руралните предели со цел за зачувување на растителната и животинската разновидност и унапредување на почвата, водата и воздухот.*

**Приоритетна област 3: Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности во руралните средини** *вклучува поддршка на капитални инвестиции за воспоставување и јакнење на микро и мали претпријатија во рурални средини, капитални инвестиции во рурална инфраструктура за подобрување на квалитетот на живот во рурални средини и обезбедување на поддршка за обука и информирање на физички и правни лица кои вршат дејност во руралните подрачја.*

**Приоритетна област 4: Поттикнување на локален развој на рурални средини** *се спроведува преку мерките наменети за поддршка на реализација на стратегии за локален развој на рурални средини кои предвидуваат спроведување на мерки согласно со овој закон, реализација на стратегии за рурален развој на единиците на локална самоуправа со седиште во рурална средина и работата на локалната*

*акциона група за развој на руралните средини и за вклучување на жителите на територијата на ЛАГ за развој на руралните средини.*

## Принципи и пристап при дефинирање на мерките за рурален развој

Изборот на мерки ги прати националните приоритети кон остварување на развојните цели во земјоделството и за развој на руралните средини во Република Македонија, и Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2011-2015, при тоа почитувајќи ја стратешката определба за прилагодување на националната земјоделска политика кон Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ и стекнатите искуства во врска со спроведување на мерките во досегашниот период.

Мерките за рурален развој ја придружува и е комплементарна на мерките на директна поддршка (пазарни политики и поддршка на приходот од земјоделска активност) и се надоврзува на досегашната поддршка за рурален развој обезбедена преку Годишните програми за рурален развој во периодот 2007-2012.

Земајќи ја во предвид анализата на состојбите во земјоделството и секторските развојни потенцијали, како и специфичните потреби за развој на руралните средини, мерките за спроведување на политиката за рурален развој **приоритетно се насочени кон зголемување на конкурентската способност на земјоделско-прехрамбениот сектор** и јакнење на економската и социјалната позиција на руралните подрачја преку зголемување на приходите на земјоделските стопанства, зголемување на можноста за вработување на руралната популација надвор од земјоделската дејност.

**Посебен осврт во политиката за рурален развој** се дава на инвестиции во **инфраструктура за водостопанство** (микро-акумулации и системи за наводнување и одводнување), **консолидација на земјоделско земјиште, патна инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште** (т.н. полски патишта), **и јакнење на рурална инфраструктура** (обновување на селата, воведување на селска патна инфраструктура, пазарна инфраструктура, социјална инфраструктура - младински и пензионерски клубови итн.) како и на воведување на **мерките за одржливо стопанисување и искористување на природните ресурси, заштита на биодиверзитот и животната средина.**

Временскиот распоред за спроведување на мерките е одреден од аспект на неопходните системски предуслови и институционални подготовки за ефикасно спроведување на мерките со примена на принципите за добро буџетско финансирање кои подразбираат покрај дефинирани индикатори за следење на ефикасност и ефективност на мерките кон реализација на поставените и примена на контролни активности за административна проверка за наменско трошење на јавните расходи.

Воедно при дефинирање на мерките за рурален развој временскиот распоред за примена на мерките во една кохерентна рамка за успешна политика

за рурален развој, земени се во предвид циклусите на програмирање на мерките во ИПАРД Програмата и периодот неопходен за нивна претходна акредитација за спроведување во согласност со буџетските принципи на ЕУ.

Мерки кои се применуваат во ИПАРД Програмата се следниве:

**Од Приоритетна област 1: Зголемување на конкурентската способност на земјоделскиот и на шумарскиот сектор:**

*- Инвестиции во земјоделски стопанства (наменски инвестиции за модернизација на под-секторите лозарство, овоштарство и сточарскиот сектор)*

*- Инвестиции во преработка и маркетинг на земјоделски производи (наменски инвестиции за модернизација на под-секторите винарство, преработка на овошје и зеленчук, преработка на млеко, преработка на месо и кланични капацитети, и зајакнување на пазарни синџири преку воспоставување на откупно-дистрибутивни центри за овошје, зеленчук и млеко)*

**Од Приоритетна област 3: Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности во руралните средини**

*- Диверзификација на економски активности во рурални средини вклучува поддршка на капитални инвестиции за воспоставување и јакнење на микро и мали претпријатија во рурални средини, занаетчиски дејности од областа на традиционално занаетчиство*

*- Промоција на рурален туризам преку инвестиции во создавање на капацитети со квалитетни услуги за рурално сместување, угостителство, кампирање со придружни рекреативни капацитети за зголемена туристичка понуда.*

**Во период 2013-2014 се планира воведување на следниве мерки за финансирање од ИПАРД фондовите:**

**Од Приоритетна област 1: Зголемување на конкурентската способност на земјоделскиот и на шумарскиот сектор:**

*- Промовирање на знаење и унапредување на човечкиот потенцијал во руралните средини;*

**Од Приоритетна област 2: Заштита и унапредување на животната средина и руралните предели**

*- Промоција на земјоделски производни практики за одржлива употреба на земјоделско земјиште и унапредување на почвата, водата и воздухот.*

*- Заштита и унапредување на животната средина и руралните предели со цел за зачувување на растителната и животинската разновидност (заштита на автохтони видови)*

*- Органско производство*

**Од Приоритетна област 3: Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности во руралните средини:**

- *Инвестиции во рурална инфраструктура за подобрување на квалитетот на живот во рурални средини*

**Од Приоритетна област 4: Поттикнување на локален развој на рурални средини:**

- *Едукација и информативни кампањи за вклучување на жителите на територијата на ЛАГ за изработка и спроведување на стратегии за развој на руралните средини.*

- *Воспоставување и работа на локалната акциона група за развој на руралните средини*

## Финансирање на мерките за рурален развој

Финансирањето на политиката на рурален развој се врши во рамките на националниот буџет и буџетот на ЕУ за мерките од Инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој (ИПАРД).

Поддршката која се доделува преку мерките за рурален развој основно се заснова на доделување на неповратни финансиски средства за капитални инвестиции за изградба или подобрување на недвижен имот наменет за економска дејност или јавна инфраструктура. Неповратна финансиска помош за инвестиции е поддршка која се доделува во вид на финансирање или ко - финансирање на вредноста на преземени и реализирани инвестиции согласно прифатливите трошоци и во висина на поддршката по корисник. Поддршката може да е наменета и за нематеријални вложувања т.н. општи трошоци кои се поврзани со капиталната инвестиција за нејзино успешно спроведување како на пример трошоци за надоместоци за архитекти, инженери и консултанти, физибилити студии, анализи и набавка на патенти и лиценци, со исклучок на трошоци за поврзани јавни давачки и осигурување. Одобрените и исплатени средства се неповратни при што корисникот не смее да ја отуѓи ниту да ја наруши намената на инвестицијата во рок од пет до седум години од денот на прием на последната исплата на поддршката.

При неповратна финансиска поддршка на капитални инвестиции наменета за зголемување на физички обем на приватен имот, износот на финансиската поддршка за поединечен корисник може да изнесува најмногу до 50% од вредноста на капиталните инвестиции согласно доставената проектна документација (бизнис план, листа на трошоци, пресметки и спецификации, понуди и цени итн.). Корисникот на Програмата во целост ги финансира капиталните инвестиции по одобрување на приложениот проект со потребната документација, а грантот се доделува по завршување на капиталната инвестицијата. При неповратна финансиска поддршка на капитални инвестиции наменета за зголемување на

физички обем на јавна инфраструктура, износот на финансиската поддршка за поединечен корисник може да изнесува најмногу до 100% од вредноста на капиталните инвестиции согласно доставената проектна документација. Корисникот на Програмата во овој случај како државен субјект ги финансира само износите од ко-финансирањето доколку е помало од 100%.

Покрај неповратната финансиска поддршка за инвестиции мерките за рурален развој се спроведуваат преку следниве механизми на поддршка:

- финансиска помош, и
- директни плаќања за рурален развој.

Финансиска помош е поддршка која се доделува за обука и информирање на земјоделските производители, советодавни услуги за развој на земјоделството, започнување со земјоделска дејност, напуштање на вршење на земјоделска дејност и за групи на производители.

Директните плаќања за рурален развој е компензационо плаќање за поддршка на приходот остварен од земјоделска дејност како надоместок на загубите кои настанале поради неискористеност на производниот потенцијал заради примена на земјоделски производни практики за заштита на животната средина или поради зголемени трошоци за примена на повисоки стандарди за заштита на животната средина.

Неповратната финансиска поддршка за инвестиции и директните плаќања за рурален развој се спроведува преку договор во времетраење од пет до седум години. По исклучок, директните плаќања за рурален развој може да се доделат и преку изјава на барателот со која се обврзува да ги почитува условите за директни плаќања за рурален развој и која се обновува секоја година за времетраењето на правото на поддршката. Финансиската помош се спроведува преку договор во времетраење од три до пет години. По исклучок, финансиската помош за обука и информирање на земјоделските производители може да се спроведе преку договор во времетраење од една до три години.

Поддршката од мерките за рурален развој во одредени случаеви може да се додели авансно (во висина до 40% од одобрениот износ) и/или на рати (две рати или согласно фазите на реализација на инвестицијата.)

Политиката за рурален развој за период 2013-2017 година ќе се спроведува преку следниве мерки за рурален развој:

Табела 5: Листа на мерки за рурален развој по приоритетни области 2013-2017

| Код | Назив | Ко-финансирање/директна помош/финансиска помош | Образложение | % од вкупен буџет за финансирање на мерките за рурален развој 2013-2017 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
| **1 Мерки за зголемување на конкурентност на земјоделството** | | | | **65%** | **65%** | **65%** | **65%** | **65%** |
| ***11*** | ***Промовирање на знаење и унапредување на човечкиот потенцијал во руралните средини*** | | | ***5%*** | ***6%*** | ***15%*** | ***18%*** | ***20%*** |
| 111 | Обука и информирање на земјоделските производители | до 100% | - за обука и информирање на носители, членови или вработени во земјоделски стопанства регистрирани во ЕРЗС<br>- ќе се спроведува преку образовни и научни институции | 1% | 1% | 2% | 0% | 0% |
| 112 | Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност | до 600.000 ден. за 3 години | - за презвемање на земјоделско стопанство од млад земјоделец кој започнува со вршење на земјоделска дејност за прв пат | 1% | 1% | 3% | 5% | 5% |
| 113 | Помош за напуштање на вршење на земјоделска дејност | до 180.000 денари годишно до исполнување на услови за старосна пензија, но не повеќе од | - за носители на земјоделски стопанства кои можат да го напуштат земјоделското стопанство преку продажба на млад | 1% | 1% | 5% | 7% | 7% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | пет години | земјоделец и пред остварување на правото на пензионирање | | | | | |
| 114 | Советодавни услуги за развој на земјоделството | - до 80% за воспоставување на приватни советодавни услуги и се намалува на годишно ниво за најмалку 5% од претходната година, во период не подолг од шест години<br>- до 80% за користење на советодавни услуги, но не повеќе од 70.000 денари по корисник годишно | - за воспоставување на приватни советодавни услуги - обезбедување на канцеларија, административен капацитет, обука на вработени итн.<br>- поддршка за земјоделски стопанства со цел да користат советодавни услуги за модернизација на земјоделското стопанство особено | 2% | 3% | 5% | 6% | 8% |
| ***12*** | ***Реструктуирање и развој на физичкиот потенцијал и промовирање на иновативни практики*** | | | ***91%*** | ***90%*** | ***80%*** | ***77%*** | ***74%*** |
| 121 | Инвестиции за модернизација на земјоделските стопанства | - 50%<br>- 60% од инвестицијата во подрачја со ограничени можности за земјоделско производство,<br>- 65% во подрачја со ограничени<br>можности за земјоделско производство кога носителот на инвестицијата е млад земјоделец, | - за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделското стопанство преку инвестиции во основни средства<br>- за потсекторите житни култури и индустриски култури кои не се опфатени во ИПАРД програмата<br>- за земјоделски стопанства | 7% | 7% | 7% | 8% | 9% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - 55% во останатите подрачја кога носителот на инвестицијата е млад земјоделец,<br>- 75% во недостапни рурални заедници и<br>- 60% доколку инвестицијата придонесува за заштита и унапредување на животната средина, подобрување на хигиенските услови и благосостојба на животните на земјоделското стопанство, освен во случај кога инвестицијата е во подрачја со ограничени можности за земјоделско производство кога помошта е 75%. | со капацитети кои не се опфатени во ИПАРД програмата, а со цел да им се овозможи поддршка за реструктуирање за достигнување на економска оддржливост. | | | | | |
| 122 | Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите | - до 50%<br>- 60% за инвестиции во планински подрачја и<br>- 85% за инвестиции во недостапни рурални средини. | - за спроведување на активности за унапредување на шумите согласно плановите од Законот за шумите | 2% | 3% | 5% | 5% | 5% |
| 123 | Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските производи | - 60% за инвестиции направени во недостапни рурални средини,<br>- 65% за инвестиции во заостанати рурални средини<br>- 75% за инвестиции во | - за поддршка на дејности кои не се опфатени со ИПАРД програмата (мелничка индустрија, преработка на јајца, млеко во прав, путер, овошни | 10% | 13% | 13% | 13% | 14% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | депопулациони рурални средини. | сокови итн.) заради достигнување на стандардите за безбедност на храна и модернизација на технолошките процеси<br>- воспоставување на јавна пазарна инфраструктура за откуп и дистрибуција на земјоделски производи | | | | | |
| 124 | Инвестиции во инфраструктура за создавање на предуслови за развој на земјоделството и заштита од природните непогоди | до 100% | - инвестиции наменети за инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште,<br>- активности за консолидација на земјоделско земјиште и подобрување на земјоделското земјиште,<br>- активности за заштита на земјоделско производство оштетено од природни непогоди, кои се однесуваат за чистење на каналска мрежа за одводнување и наводнување и регулирање на речни корита за заштита од поплави<br>- инвестиции наменети за | 72% | 67% | 55% | 51% | 46% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | снабдување со електрична енергија и водоснабдување,<br>- инвестиции наменети за водостопанство (изградба и обновување на системи за наводнување со акцент на микро-акумулации и микро- иригациони системи). | | | | | |
| ***13*** | ***Унапредување на квалитетот на земјоделски производи*** | | | ***4%*** | ***4%*** | ***5%*** | ***5%*** | ***6%*** |
| 131 | Воспоставување на земјоделски задруги | до 80% за првата година од основањето. Поддршката се намалува со стапка на намалување од 20% за секоја наредна година од годината на основање за период не подолг од пет години. | - за воспоставување и функционирање на земјоделски задруги<br>- канцелариски простор, административни и стручни капацитети, промоција и информирање | 4% | 4% | 5% | 5% | 6% |
| 132 | Воспоставување на групи на производители | а) за вредност на продадено годишно производство во висина не повеќе од 30.000.000 денари:<br>- 5% од вредноста на продаденото годишно производството за првата година, и за втората година,<br>- 4% од вредноста на продаденото годишно производството за третата година, | - ќе се воведува постепено во зависност од резултатите на успешност на мерката 131 Воспоставување на земјоделски задруги<br>- за поддршка на пласман на земјоделски производи преку земјоделски задруги со специјализирано производство и со синхронизирани стандарди | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - 3% од вредноста на продаденото годишно производството за четвртата година и<br>- 2% од вредноста на продаденото годишно производството за петата година.<br>б) за вредност на продадено годишно производство во висина над 30.000.000 денари:<br>- 2,5% од вредноста на продаденото годишно производството за првата година и за втората година, но не повеќе од 3.000.000 денари,<br>- 2% од вредноста на продаденото годишно производството за третата година, но не повеќе од 2.000.000 денари,<br>- 1,5% од вредноста на продаденото годишно производството за четвртата година но не повеќе од 1.500.000 денари и<br>- 1,5% од вредноста на продаденото годишно производството за петата | за производство и квалитет помеѓу членовите. | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | година но не повеќе од 1.500.000 денари. | | | | | | |
| 2 | **Поттикнување на земјоделска дејност за унапредување на животната средина и руралните предели (Агро-еколошки мерки)** | | | **6%** | **6%** | **6%** | **6%** | **6%** |
| 21 | **Одржлива употреба на земјоделско земјиште** | | | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **91%** |
| 211 | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ) | до 30.000 денари по хектар обработено земјоделско земјиште или дополнителна финансиска поддршка во висина до 15% за директните плаќања по површина, грло добиток или единица производ за земјоделски имот во подрачја со ограничени можности за производство | - за екстензивно овоштарење во планински региони и ерозивни подрачја<br>- за производство на житни култури<br>- одржување на ливади и пасишта | 0% | 0% | 0% | 0% | 5% |
| 212 | Помош за вршење на земјоделска дејност согласно со принципите на добра земјоделска и хигиенска пракса/Помош за постигнување на повисоки стандарди за благосостојба на животните | до 30.000 денари по хектар обработено земјоделско земјиште/или до 15.000 денари по грло добиток | - за вршење на земјоделска дејност согласно со принципите на добра земјоделска и хигиенска пракса и за постигнување на повисоки стандарди за благосостојба на животните над минимум пропишаните во националното законодавство | 0% | 0% | 0% | 11% | 11% |
| 213 | Помош за зачувување на | до 30.000 денари по хектар | - одржување на висински | 0% | 0% | 0% | 0% | 3% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | руралните предели и нивните традиционални карактеристики | земјоделско земјиште<br>- до 1000 ден. по грло овци од сите категории за период на престој на висински пасишта и/или надомест на трошоци за номадско овчарење | пасишта и ливади и поддршка на традиционалното овчарство<br>- затревување на овоштарници<br>- терасирање на ерозивни парцели или со нагиб<br>- задржување на традиционалните производни методи на одредени култури | | | | | |
| 214 | Помош за зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток | до 18.000 денари по грло добиток/ до 30.000 денари по хектар | - за одгледување и размножување на автохтони видови растенија и раси на добиток | 0% | 0% | 0% | 0% | 3% |
| 215 | Органско производство | до 30.000 денари по хектар земјоделско земјиште под конверзија, до 20.000 денари по хектар органско производство и до 18.000 денари по грло добиток | - за воведување и одржување на органско производство | 100% | 100% | 100% | 89% | 78% |
| **22** | **Одржлива употреба на шумско земјиште** | | | **0%** | **0%** | **0%** | **0%** | **9%** |
| 221 | Прво пошумување на земјоделско земјиште и неземјоделско земјиште | до 180.000 денари по хектар пошумено земјиште | - за пошумување на земјоделско земјиште околу шумско земјиште, во национални паркови, во ерозивни подрачја и покрај | 0% | 0% | 0% | 0% | 3% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | речен брег | | | | | |
| 222 | Одгледување на шумите со примена на повисоки стандарди за заштита на животната средина | до 80.000 денари по хектар пошумено земјиште | - за примена на повисоки стандарди за заштита на животната средина при одгледување на шумите од минималните пропишани со закон | 0% | 0% | 0% | 0% | 3% |
| 223 | Обновување на шумите и воведување на мерки за заштита на шумите | до 80.000 денари по хектар пошумено земјиште + 20% од трошоците за стручни услуги | - пошумување и оплеменување на шумско замјиште | 0% | 0% | 0% | 0% | 3% |
| 3 | **Подобрување на квалитет на живот во рурални средини** | | | **24%** | **24%** | **24%** | **24%** | **24%** |
| **31** | **Диверзификација на економски активности во рурални средини** | | | **0%** | **0%** | **0%** | **0%** | **0%** |
| 311 | Развој на микро претпријатија во рурални средини | до 50% | - се поддржува со ИПАРД програмата | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| 312 | Промоција на занаетчиски дејности во рурални средини | до 50% | - се поддржува со ИПАРД програмата | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| 313 | Воведување на услужни дејности за руралното население | до 50% | - се поддржува со ИПАРД програмата | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| 314 | Промоција на активности за рурален туризам | до 50% | - се поддржува со ИПАРД програмата | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| 315 | Инвестиции во аквакултура | до 50% | - се поддржува со ИПАРД програмата (од 2013) | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| 32 | **Развој на рурална инфраструктура** | | | **100%** | **100%** | **100%** | **0%** | **0%** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 321 | Развој на јавна инфраструктура во рурални средини | до 100% | - ќе се поддржува со ИПАРД програмата од 2015<br>- инвестиции во локална патна инфраструктура за поврзување на селата (вклучително и мостови),<br>- реконструкција или изградба на инфраструктура за снабдување на селата со електрична енергија, гас, водоснабдување, канализација, централно греење | 78% | 80% | 83% | 0% | 0% |
| 322 | Обнова и развој на селата | до 100% | - ќе се поддржува со ИПАРД програмата од 2015<br>- изградба и/или реконструкција на објекти за детски и младински културни центри вклучително и пензионерски клубови во села,<br>- просторно уредување на селата<br>- инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици (вклучително и атмосферска канализација и пешачки | 12% | 12% | 12% | 0% | 0% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | елементи),<br>- инвестиции за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини до 30.000 жители | | | | | |
| 323 | Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја | до 100% | - ќе се поддржува со ИПАРД програмата од 2015<br>- уредување на излетнички места во рурални средини (вклучително и нивно поврзување со електрична енергија, водоснабдување, канализација),<br>- одбележување и унапредување на шумски и велосипедски патеки,<br>- уредување и реконструкција на културни и природни знаменитости во рурални средини и нивно означување | 10% | 8% | 5% | 0% | 0% |
| **4** | **Поттикнување на локален развој во рурални средини** | | | **1%** | **1%** | **1%** | **1%** | **2%** |
| 411 | Поддршка за здобивање на знаења и вештини за подготвување и реализација на стратегии за локален | до 100% | - услуги за прибирање на податоци, студии и анализи за изработка на стратегии за локален | 0,3% | 0,3% | 0,3% | 0,3% | 0,5% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | развој на рурални средини | | рурален развој | | | | | |
| 412 | Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ) | до 100% | - за воспоставување на административни, технички и стручни капацитети за поддршка на работата на ЛАГ за спроведување на стратегии за локален рурален развој | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| 413 | Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини (подготвени од ЛАГ/или од локалната самоуправа) | до 100% | - поддршка за спроведување на активности од стратегиите за локален рурален развој | 0,7% | 0,7% | 0,7% | 0,7% | 1,5% |
| **5** | **Техничка и административна поддршка за спроведување на Програмата** | **до 100%** | **- за спроведување на мерките за рурален развој, следење на ефикасност и анализи на состојби, информирање и едукација на корисниците**<br>**- за поддршка на иновации во областа на земјоделството** | **4%** | **4%** | **4%** | **4%** | **4%** |

* 0% означува дека мерките се спроведуваат во ИПАРД Програмата или во почетните години пред нивно воведување неопходни се претходни вложувања во системи за контрола и спроведување на мерката.

## VII. РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА

Мерките за поддршка на рибарство и аквакултура се согласно Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата за период 2013-2024 година изработена согласно член 14 од Законот за рибарство и аквакултура (Службен весник на Република Македонија бр. 07/08, 67/10, 47/11 и 53/11).

Програмата се носи за период од дванаесет години и во неа се нотирани проблемите и се дефинирани задачите за остварување на утврдените цели кои воедно се и цели уредени со Законот за рибарство и аквакултура, преку планираните мерки и активности. Во програмата е утврдена и динамиката на изведување на мерките и активностите како и потребните средства за нивна реализација.

Во програмата е направена анализа на состојбите со рибниот фонд во подолг временски период. Во програмата се вградени современите трендови за развој на рибрството и аквакултурата кои ќе се остварат преку предвидените мерки, кои пак во целост го почитуваат принципот на одржливо користење на природните ресурси и во дело на риболовот и во делот на одгледувањето на риби-аквакултурата. Предвидените мерки се во функција на планско експлоатирање на рибите на одржлив начин, заштита на рибите, контролиран излов, подобрување на постоечките и имплементирање на нови риболовни техники за вршење стопански риболов, а се со цел зачувување на природните ресурси и снабдување на пазарот со квалитетна и безбедна храна (риба). Исто така, за дел од риболовните води се предвидуваат и активности за враќање на традиционалниот начин на риболов, а со цел и на заживување на руралните подрачја. Посебен акцент се посвети на дефинирање на рекреативните ревири и рекреативните зони во правец на воспоставување на основа за развој на риболовниот туризам во земјава. За зголемување на производството и квалитетот на рибите во рибничките капацитети и нејзиниот непречен пласман на пазарот, со оваа програма се предвидуваат мерки кои се во согласност со европските  трендови во делот на аквакултурата. Секако, во предвид е земена издашноста и одржувањето на квалитетот на водените ресурси, климатските фактори и законските одредби за зачувувањето на квалитетот на водите кои од друга страна всушност го лимитираат производството на риби. Аквакултурното производство во Република македонија во голем дел се одвива во руралните области и предвидените мерки се комбинација на зголемување на производството со можност за реализирање на други економски активности како руралниот туризам, со што се отвора можноста за нови вработувања и задржување на населението во овие области.

Покрај производството на риба (стопански риболов и аквакултура) посебно внимание е посветено на организирањето на рекреативниот риболов и планирање на критериуми и предуслови за воспоставување на систем кој ќе овозможи јакнење на свеста на големиот број рекреативни риболовци, зачувување и одржливо користење на природните ресурси, заштита на автохотната популација

на риби, посебен однос кон ендемичните видови риба, збогатување на риболовните води со атрактивни видови риби за риболов, воспоставување на предуслови за дефинирање на атрактивни риболовни води, одржливо стопанистување со рибите и развој на риболовниот туризам во земјата.

Активностите за зачувување и заштита на автохтоните (доморodни) и загрозените видови риби, заштитата на видовата разновидност и одржувањето на бројноста на рибните популации ќе се реализираат преку низа мерки, а најмногу преку зачувување и подобрување на состојбата на хабитите, редуцирање или отстранување на инвазивните видови риби, како и преку порибување на риболовните води со квалитетен порибителен материјал од автохтони видови риби, добиен во регистрирани репроцентри во земјава.

| **Табела 6: Потребни финансиски средства во период 2013-2017 година во делот на рибарството** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цел Подобро управување, искористеност и зачувување на природните ресурси во рибарството** | | | | |
| образложение | мерка | активности | период | финансиски средства |
| Зголемување на популациите на благородни и економски значајни видови риби во риболовните води | Финансиска поддршка за порибување на риболовни подрачја и риболовни зони | Порибување на Охридско езеро со Охридска пастрмка | 2013 - 2017 | 15.000.000 на годишно ниво |
| | | Порибување на Дојранско езеро со крап и сом | | |
| | | Порибување на преспанско со крап, | | |
| | | Порибување на риболовни зони со пастрмка крап и сом | | |
| | Финансиска поддршка за порибување на риболовни води од кои рибите не се доделени на концесија | Порибување на риболовни води за кои не е доделена концесија со разни видови риби, со утврдени и дозволени количини. | 2013 – 2017 | до 1.000.000 на годишно ниво |
| | Финансиска поддршка за порибување на риболовни ревири и рекреативни зони * | Порибување на риболовни ревири и рекреативни зони со разни видови риби, со утврдени и дозволени количини* | 2013 - 2017 | 500.000 на годишно ниво* |
| | Финансиска поддршка за осовременување и зголемување на производните | Проширување на постоечките капацитети на репроцентрите за автохтони видови | 2013 – 2017 | 3.000.000 на годишно ниво |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | капацитети на репроцентрите за автохтони видови риби | риби | | |
| | | Набавка на опрема за модернизација и интензификација на производството во репроцентрите за автохтони видови риби | 2013 – 2017 | 2.000.000 на годишно ниво |
| Намалување популациите на економски незначајни, алохтони и инвазивни видови риби во риболовните води | Финансиска поддршка за изведување на мелиоративен и селективен риболов* | Изведување на мелиоративен риболов* | 2013 – 2017 | 1.000.000 на годишно ниво* |
| | | Изведување на селективен риболов* | | |
| | Финансиска поддршка за изведување на развојни научно-истражувачи и апликативни проекти | Изведување на развојни научно-истражувачки и апликативни проекти | 2013 - 2017 | 1.000.000 на годишно ниво |
| Заштита на риболовните води и спречување на промена и нарушување на животната средина на рибите | Финансиска поддршка за отстранување на постоечките нарушувања на животната средина | Отстранување на риболовни мрежи од дното на природните езера | 2014-2015 | 1.000.000 на годишно ниво |
| | | Изградба на рибни патеки и отстранување на сите препреки на речните корита | 2013 - 2017 | 2.000.000 на годишно ниво |
| | | Изведување на акции за чистење и отстранување на тврдиот отпад од речните корита | 2013 - 2017 | 500.000 на годишно ниво |
| | Финансиска поддршка за заштита на риболобните води на цела територија на Република Македонија | Чување на мрестни локалитети пред и за време на природен мрест | 2013-2017 | 1.000.000 на годишно ниво |
| | | Физичка заштита на води без концесионер | 2013-2017 | 2.000.000 на годишно ниво |
| | | Набавка на основни средства и опрема за службите кои вршат физичка заштита на риболовните води | 2013-2017 | 2.000.000 на годишно ниво |
| | | Заштита, ревитализација и реинтродукција на автохтоните и загрозените видови риби во риболовните води во Република Македонија | 2013 - 2017 | 1.000.000 на годишно ниво |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1Воспоставување целосен мониторинг на риболовните води и ситем за информирање и мрежно поврзување | Финансиска поддршка за формирање на информацциски систем и мрежно поврзување на релевантните институции во рибарството и аквакултурата во државата | Набавка на опрема за мрежно поврзување на релевантните институции во рибарството и аквакултурата во државата | 2014 | 5.000.000 еднократно |
| | | Мрежно поврзување на релевантните институции во рибарството и аквакултурата во државата | 2014 - 2015 | 1.000.000 на годишно ниво |
| | | Воспоставување на систем за информирање и мониторинг на риболовните води | 2014 - 2015 | 2.000.000 на годишно ниво |
| | | Одржување на системот за информирање и мониторинг на риболовните води | 2014 - 2017 | 100.000 на годишно ниво |
| | | Изградба на риболовни пунктови на риболовните подрачја | 2013 – 2014 | 5.000.000 на годишно ниво |
| | Финансиска поддршка за формирање на систем за мониторинг на риболовните води | Мониторинг на квалитетот на водата во риболовните води во Република Македонија | 2013 – 2017 | 500.000 на годишно ниво |
| | | Мониторинг на состојбата на рибните популации во риболовните води | 2013 – 2017 | 1.000.000 на годишно ниво |
| Стимулирање на развојот на риболовниот туризам и да се промовираат атрактивните риболовни води во земјава | Финансиска поддршка за промоција и развој на риболовниот туризам | Изработка на промотивен и рекламен материјал за атрактивните риболовни води | за 2013 и за 2017 | 500.000 на годишно ниво |
| | | Интензивно порибување со капитални примероци на атрактивни видови риби | 2013 - 2017 | 200.000 на годишно ниво |
| Дефинира ње на бројот на автохтони, алохтони, инванзивни и доместифицирани | Финансиска поддршка за изведување на апликативни | Изведување на апликативни научно-истражувачки проекти за дефинирање на бројот на автохтони, алохтони, инванзивни | 2013 – 2017 | 1.000.000 на годишно ниво |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| видови риби во Република Македонија и да се одреди нивниот еколошки статус (загрозени, високо загрозени, пред исчезнување, исчезнати). | научно-истражувачки проекти | и доместифицирани видови риби во риболовните води во Република Македонија | | |
| | | Изведување на апликативни научно-истражувачки проекти за одредување на еколошкиот статус на рибите во риболовните води во Република Македонија | 2013 – 2017 | 1.000.000 на годишно ниво |
| Изработка на риболовни основи кои претставуваат стручни студии за начинот на користење на риболовните води за сите риболовни води во Република Македонија | Финансиска поддршка за изработка на Риболовни Основи | Изработка на Риболовни Основи за риболовни води за кои не биле изработени а постои дополнителна потреба. | 2013 - 2015 | 500.000 |
| **Цел 2 Подобрување на институционалните капацитети и инфраструктурно зајакнување на релевантните институции во рибарството** | | | | |
| образложение | мерка | активности | период | финансиски средства |
| Стимулирање на здружувањето на производителите на риба и да се зајакнат здруженијата на производителите на риба во земјата | Финансиска поддршка за промоција на рибарството и организација и учество на манифестации значајни за развојот на аквакултурното производство во земјата | Организација и учество на манифестации значајни за развојот на аквакултурното производство во земјата | 2013 – 2017 | 1.000.000 на годишно ниво |
| | | Промоција на рибарството и традиционалните производи од риба во земјата | 2013 – 2017 | 1.000.000 на годишно ниво |
| | Финансиска поддршка за организација и учество на манифестации и натпревари значајни за развојот на рекреативниот и спортскиот | Организација и учество на манифестации и натпревари значајни за развојот и промоцијата на рекреативниот и спортскиот риболов | 2013 – 2017 | 600.000 на годишно ниво |

| | риболов | | | |
|---|---|---|---|---|

Покрај предвидените мерки за инвестиции во аквакултура кои се финансираат во рамките на мерките за рурален развој а во зависност од состојбите во рибарство и аквакултура би се вовеле и мерки за директна поддршка на производители на риби за произведена и продадена риба на пазарот и/или финансиска поддршка за матичен материјал и финансиска поддршка за купен подмладок, со цел формирање на матично јато и обезбедување на квалитетен порибителен материјал од одделни видови риби од домашно производство во Република Македонија.

## VIII. МЕРКИ НА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА И ОСТАНАТА ДРЖАВНА ПОМОШ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Согласно член 101 од Законот за земјоделство и рурален развој, техничката поддршка во земјоделството е државна помош која се доделува како надомест до 100% за дефинираните прифатливи трошоци.

Во следниот петгодишен период, мерките на техничка поддршка приоритетно ќе бидат насочени во следниве области на поддршка:

- подобрување на хоризонтална организација и вертикалната интеграција на чинителите во земјоделството,
- промоција на земјоделското производство,
- поддршка на создавање и примена на иновации во земјоделското производство,
- подобрување на технолошкиот процес за зголемување на продуктивноста, постбербените активности и маркетингот на подсекторите со компаративни предности (особено градинарство, лозарство и овоштарство, алтернативни растителни култури, козарство и овчарство),
- воведување на обновлива енергија, заштеда на потрошувачката и производство на енергија при земјоделско и сточарско производство, воведување на практики кои не ја загадуваат животната средина и зачувување на биодиверзитетот и биолошките посебности во Република Македонија;
- овозможување на институционални услови (особено во приватниот сектор) за имплементација на законските и подзаконски решенија според НПАА особено за создавање услови и воведување на уредување на пазарите на земјоделските производи;
- брендирање и заштита на географската посебност на најзначајните македонските сточарски производи со компаративна предност;
- подобрување на можностите и потенцијалите за привлекување на директни странски инвестиции во македонскиот земјоделско-

прехрамбен сектор во насока на идентификација на атрактивните растителни и сточарски подсектори, региони и микролокации со предлог потребни мерки/активности за зголемување на инвестициите;

- подобрување на преносот на знаењето од науката до примарните производители;
- подобрување на човечките ресурси во земјоделството, вклучително поддршка на наставно-образовниот процес во средното и високо образование во делот на земјоделството и руралниот развој за подобрување на условите на работа, воведување на нови научни, истражувачки и показни содржини, и особено практична примена на наставните содржини во училишните економии.

Покрај претходните мерки уредени со одредбите од членот 101 за техничката поддршка во земјоделството, во следниот плански период ќе се реализираат и други мерки на државна помош како:

- поддршка на оперативната програма и работата на потсекторските постојани групи, и поддршка на препознаените регистрирани форми на организации на економските партнери. Поддршката за препознаените организации на здружување на земјоделците е во насока на реализација на интересите на земјоделските производители, активности за подобрување на имплементација и популаризирање на политиките на владата и МЗШВ за реформи во секторот, зголемување на генералната конкурентност и приближување кон стандардите на ЗЗП на ЕУ,
- водење на матично книговодство, селекција и следење на состојбите во сточарството според член 103, Помош во сточарскиот сектор која ќе се спроведува преку признати организации на одгледувачи,
- организирање на национални подсекторски манифестации и учество на значајни саемски манифестации во странство. Поддршката се обезбедува со цел промоција, размена на позитивните искуства и склучување на деловни договори во земјоделското производство, постбербените активности и маркетингот на земјоделско-прехрамбените производи,
- издавање на стручни материјали од областа на земјоделството и рибарството (едукативни, информативни, научни и пропагандни материјали) кои имаат за цел остварување на стратешките развојни цели.

Во насока на поттикнување на развојот на земјоделството, особено ќе се доделува поддршка за воспоставувањето и спроведување на проекти за иновации и тоа во следниве области на иновации:

- земјоделска механизација и опрема која ќе овозможи поголема ефикасност и продуктивност,

- нов семенски и саден материјал кои ќе овозможат создавање на нови сорти,
- агрохемиско третирање на почвата и земјоделските култури,
- трансфер на технологии и иновативни решенија од странски држави и нивно прилагодување во Република Македонија, и
- нови технологии во сточарството.

Мерките за поддршка на иновации и трансфер на технологии и знаења од утврдените области ќе се спроведуваат преку годишната програма за рурален развој а критериумите за спроведување на помошта ќе се дефинираат од страна на Советот за иновации и нови технологии во областа на земјоделството.

За спроведување на активностите од мерките на техничка поддршка предвидено е издвојување на средства од 30 милиони денари во 2013 година и по 37 милиони помеѓу 2014 и 2015 година. Дополнителни средства во висина од 4% од вкупните средства за финансирање на мерките за рурален развој ќе се одделат и за техничка поддршка за спроведување на мерките со особен фокус на поддршка на иновации во областа на земјоделството и финансирање на активностите на Национална рурална мрежа.

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ АСПЕКТИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

## Функционирање на Интегрираниот систем за администрација и контрола

Еден од неопходните услови за спроведување на политиките на поддршка на земјоделството и руралниот развој е постоење на сеопфатен систем на правна, институционална, информатичка и процедурална основа и соодветни институционални капацитети интегрирани во функционален систем.

За поддршка на реализација на директните плаќања од првиот и вториот столб на ЗЗП на ЕУ се користи Интегриран систем за администрација и контрола (ИСАК) чија цел е да го ослесни и унапреди системот на плаќањата на производителите, вклучувајќи и проверка на исправноста на тие плаќања. Во системот на ИСАК влегуваат:

- компјутеризирана база на податоци;
- графички и алфа-нумерички систем за идентификација на земјоделски парцели;
- систем за идентификација и регистрација на апликациите за подршка;
- интегриран контролен систем;

- идентификација на животни и систем за пријавување;
- релевантна регистрација земјоделски стопанства, земјиште и животни.

Таквиот докажан модел за поддршка на програмирањето и особено на спроведувањето на мерките на финансиска поддршка е предмет на воспоставување во Република Македонија почнувајќи од 2007 година.

Заради дефинирање и спроведување на ефикасна земјоделска политика и политиката на рурален развој, како и за обезбедување на податоци за потребите на Министерството и субјектите, како надлежна државна институција од областа на земјоделството МЗШВ го воспоставува Земјоделскиот информационен систем[7] (во понатамошниот текст ЗИС). Воспоставувањето на елементите на ЗИС, особено деловите на ИСАК се едни од најзначајните краткорочните приоритетни обврски од процесот на интегрирање на македонското земјоделство во ЕУ, дефинирани во Националната програма за прилагодување кон европското законодавство во делот на хоризонталните прашања.

Целосното функционирање на системите овозможува поставување на ефикасни политики базирани на потребите и проблемите во секторот, нивно успешно имплементирање со максимално редуцирање на неправилностите и злоупотребите, подобрена контрола и проценка на ефектите од политиките. Интегрирањето на различните бази на податоци и регистри треба да ги олесни процедурите на аплицирање на земјоделците за политиките на поддршка и ќе обезбеди корисни податоци за деловниот сектор.

Согласно законските обврски, МЗШВ од 2007 година започна со планирање и изградба на сеопфатен систем на земјоделски информации преку поставување на наведените подсистеми. За постигнување на поголем дел од институционални реформи во земјоделскиот сектор за прилагодување на политиките и институциите во согласност со барањата од процесот на пристапување кон ЕУ, Владата на Република Македонија одобри проектен пакет поддржан од заем од Светска Банка наречен „Зајакнување и пристапувањето на македонското земјоделството кон ЕУ" (АСАП).

Како што е планирано во "Стратегијата за имплементирање на ЗИС и ИСАК со оперативен план", усвоена од страна на Владата на Република Македонија на почетокот на 2008 година, најголемиот дел од активностите со кои се предвидува воспоставување на ИСАК се веќе завршени и повеќето од системите се функционални во насока на имплементирање на програмите за финанисиска

---

[7] Поконкретно, иако опфатот на ЗИС може да биде различен од земја до земја, сепак во ЕУ и земјите кои претендираат да бидат нејзини членки, се препознаваат следниве т.н. носечки столбови на системот: 1) Земјоделски статистики со Економски сметки за земјоделство (ЕАА); 2) Мрежа за сметководствени податоци од фарма (ФАДН), и (3) Земјоделски пазарен информативен систем (ЗПИС), дополнети со административните системи за евиденција и регистрација на: земјоделските стопанства во (4) Единствен регистер на земјоделски стопанства - Фарм регистер (ЕРЗС) и земјоделско земјиште во (5) Системот за идентификација на земјишни парцели (СИЗП, т.е. LPIS на англиски), кои од друга страна пак се составни елементи и во функција на Интегрираниот административен и контролен систем (ИСАК) за имплементирање и мониторинг на политиките за директни плаќања и рурален развој.

поддршка во 2011 година, како и во тековниот процес на аплицирање во 2012 година.

Во досегашниот период министерството и останатите институции ги завршија најголем дел од подготвителните работи се до фаза на финално интегрирање на регистрите во систем кој треба да овозможи поголема контрола и подобра администрација на политиките на поддршка.

Имено, од досега постигнатото:

- Процесот на регистрирање на земјоделски стопанства и ажурирање на податоците на земјоделските стопанства се води во рамките на целосно функционален ЕРЗС, во согласност со законските и подзаконски прописи,
- СИЗП е во финална фаза на воспоставување, каде преку директни консултации со земјоделците се обезбедува дигитализација на нивните земјишни парцели. Целосната дигитализација се планира да биде обезбедена до крајот на 2012 година. Системот во 2012 служи како систем за идентификација и контрола на земјоделски парцели погодни за подрачјата со ограничени можности[8],
- Претходно независно функционалните софтверски апликации на ЕРЗС и СИЗП се интегрирани во рамките едно софтверско решение со што се доби целосно функционален и компатибилен систем. Интегрираниот систем ги спојува алфа-нумеричките податоци на земјоделските стопанства со графичките податоци на нивните земјоделски парцели, овозможува функционирање на посебни регистри на култури (како регистар на органски производители, регистри на овошни, лозови, маслинови и јаткасти насади),
- Интероперабилноста помеѓу интегрираниот ЕРЗС/СИЗП софтвер и софтверот за директни плаќања на АФПЗРР е постигната, со што податоците на земјоделските стопанства се достапни за потребите на административните контроли за целите на кампањата за финансиска поддршка во 2012 година,
- За прв пат во кампањата во 2012 година е воведен единствен образец за аплицирање како важен елемент на ИСАК во процесот на аплицирање за финансиска поддршка,
- АФПЗРР повторно ја презеде целосната одговорност во спроведувањето на контролите на лице место, која дотогаш ја извршуваше Државниот инспекторат за земјоделство со делегирана одговорност од 2008 година,

[8] парцели кои се наоѓаат на надморска височина над 700 метри, и парцели во раселените рурални средини со под 100 жители

- АФПЗРР изработува ИСАК софтвер кој вклучува ИТ поддржана функционалност на ИСАК процедурите како за директни плаќања така и за програмата за рурален развој кој е во тест фаза.

Според планот, функционалноста на оние ИСАК елементите кои се сеуште во фаза на развој ќе се постигне до крајот на 2012 година со цел постигнување на целосно функционален ИСАК систем за поддршка на поднесувањето на барањата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во 2013 година.

## Зајакнување на институциите одговорни за поставување и спроведување на политиките на поддршка

Почнувајќи од 2008 година, освен за одреден број на мерки за поддршка кои се имплементираат од страна на МЗШВ[9], одобрувањето, контролата и исплатата на средствата за поддршка се врши преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој основана во 2007 година, со што е постигнато разграничување помеѓу програмирањето и имплементацијата на политиките на поддршка во земјоделството и руралниот развој.

И покрај исклученителниот напор кој е потребен, постапките на поднесување на барањата за финансиска поддршка, нивна административна проверка, проверка на лице место, одобрување и исплата на средствата се извршуваат во една тековна година, иако истото треба да биде корегирано во периодот до пристапот во ЕУ во насока на исплата на средствата во првата половина од следната година.

Институционалната поставеност на формулирање и спроведување на политиките на поддршка и воспоставувањето на ИСАК ги вклучува пред се: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како надлежна институција за воспоставување и одржување на основната ИСАК инфраструктура на ЕРЗС и СИЗП, потоа АФПЗРР како имплементирачко и контролно тело на националните програми за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (вклучувајќи ги пред-пристапните фондови на ИПАРД), како и Агенцијата за храна и ветеринарство надлежна за водење на базата на податоци за идентификација и регистрација на животни.

Во делот на олеснување на протокот на информациите и знаењето до земјоделците, и особено во насока на поддршка на прифаќањето на земјоделските политики и мерки од страна на корисниците, од исклучителна важност е опстојувањето на ефикасен и функционален систем на советодавни услуги. Постојниот систем во Република Македонија е систем на државно-финансирани советодавни услуги спроведени од државни административни служби.

[9] Пред се мерките на техничка поддршка поврзани со истражувањето, образованието, манифестации и здружување на земјоделците

Клучните насоки со цел постигнување на оптимална структура за спроведување на политиките на поддршка од националната програма во делот на институционалното зајакнување се претставени во продолжеток.

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** - Главните цели на институционално зајакнување на МЗШВ се насочени кон реорганизација и зајакнување на внатрешните структури и подрачните единици на министерството, особено во делот на воведување на новите политики и мерки предвидени со програмата.

МЗШВ е надлежна и одговорна институција за спроведување на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој. Министерството до завршување на програмскиот период ќе се грижи за исполнување на сите услови во административна, материјална и друга природа со цел соодветно спроведување на одредбите од програмата.

Спроведените промени во организационата структура на МЗШВ во насока на воведување на организациони единици кои треба да го поддржат програмирањето на зголемениот број и обем на мерки, во следниот период треба да биде насочено кон реорганизација и кадровско зајакнување на оние организациони единици кои треба да ги поддржат воведувањето и спроведувањето на новите политики. Тука пред се спаѓаат деловите за програмирање и спроведување на политиките на:

- консолидација на земјоделското земјиште (преку формирање на посебна управа согласно стратегијата),
- агроеколошките мерки,
- заштита на повисоки стандарди за квалитет,
- промени во Телото за управување за воведување на новите планирани мерки во ИПАРД програмата и нивна апликација,
- унифициран пристап во следење и програмирање на мерките на поддршка преку интегрирање на функциите на уредување на пазарите со тековното програмирање на мерките на поддршка,
- зајакнување на капацитетот за економски анализи во земјоделството, следење на земјоделските пазари и проценка на ефектите од мерките на тековната политика.

Од особен интерес за ефикасно спроведување на политиките на поддршка е зајакнувањето на подрачните единици на МЗШВ, односно завршување на обезбедувањето на просторни и материјални услови до крајот на 2013 година.

Одржливото зајакнување на постојните кадровски капацитети на МЗШВ е единствено можно преку соодветно функционирање на Секторот за човечки ресурси и спроведување на очекуваните активности за развој на човечките капацитети (проценка на потребите за обука, подготовка на план за обука,

дообука и негово спроведување, спроведување на политиката на наградување и казнување).

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** е основана со Закон за основање Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (Сл. весник 72/07). Агенцијата од 2008 година ги спроведува националните политики за финансиска поддршка, а од декември 2009 година агенцијата е акредитирана за спроведување на три мерки од ИПАРД програмата. Во периодот до 2012 година, АФПЗРР има огласено осум јавни повици за прибирање на барања по ИПАРД програмата.

Во следниот плански период агенцијата како главни институционални области ги има поставено:

- надминување на констатираните недостатоците во деловите на веќе функционалната структура на агенцијата,
- понатамошно зајакнување на контролниот систем особено после превземањето на директното извршување на контролите на лице место од страна агенцијата во 2012 година, и
- воведување на нов капацитет за новите мерки на политиките на поддршка финансирани од националниот буџет и средствата на ЕУ.

АФПЗРР ќе ја заврши подготовката на ИСАК софтверот кој вклучува ИТ поддржана функционалност на ИСАК процедурите како за директни плаќања така и за програмата за рурален развој во текот на 2012 година, со цел негово ставање во продукциска фаза од 2013 година.

**Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството**. Согласно Програмата за работа на Владата 2010-2014 година, државната советодавна служба треба да претставува партнер и современ ефикасен сервис за давање на потребните корисни совети на земјоделците со постојано присаство и контакти со корисниците на услугите, паралелно со финансиската поддршка обезбедена на земјоделците за користење на услугите на приватните советници.

Заради,

- обемот и комплексноста на политиките во последните пет години,
- потребата за поддршка која ја имаат помалите земјоделски стопанства во нивниот процес на трансформација во поспецијализирани пазарно-ориенирани субјекти со неопходни знаења за модернизирано производство прилагодено на потребите на пазарот, кои трансформацијата неможе да ја направат без институционална поддршка, како и поради

- неопходноста на постоење на институционална форма на директна и постојана соработка помеѓу државата која креира и спроведува политики од една страна, и земјоделците како корисници на државните политики од друга, а со цел успешно спроведување на политиките особено заради зголемена абсорбција на ИПАРД средствата, но и поради
- потребата за позасилен трансфер на знаења, современи технологии и иновации за зголемување на конкурентноста, се наметнува неопходност од промени во поставеноста на советодавни услуги за земјоделците во државата заради воспоставување на ефикасен систем на директна поддршка кој успешно ќе ги одговори на претходно наведените предизвици и барања.

Согласно оценките на корисниците на услугите, достапноста и квалитетот на услугите и генерално позицијата на монополизираниот државно-финансиран обезбедувач на советодавни услуги, сеуште не е на очекуваното и неопходно ниво на секојдневен сервис во корист на напредокот на земјоделскиот сектор.

Оттука, реорганизацијата и трансформацијата на државно-финансираната советодавната служба во првата година од планирачкиот период, е дел од неопходната реформа за поставување на новиот ефикасен концепт за функционирање на квалитетни советодавни услуги во служба на постигнување на проектираната цел и реалните потреби на земјоделството во Република Македонија. Концептот кој ги следи насоките од Националната стратегијата за земјоделство и рурален развој 2007-2013 година, се базира на избор на давател на советодавна услуга која ја плаќа државата врз основа на квалитет на испорачаните услуги, согласно договор и со исполнување на зададени индикатори на успешност.

## Воведување на оддржлив систем за мониторинг и евалуација на спроведување на програмата

Спроведувањето на ефикасна земјоделска политика, а особено политиката на рурален развој како нејзина компонента, покрај останатото особено побарува и воспоставување на хармонизиран систем на контрола, мониторинг и проценка на ефектите на имплементација на политиките. Во овој дел важно ќе биде искуството при изведување на претпристапната подршка од ИПАРД.

Следењето на спроведувањето на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој преку годишните програми за финансиска поддршка ќе се одвива преку формалните, веќе воспоставени тела за оваа намена, како и со развивање на дополнителни процедури на континуирана размена на информации помеѓу оперативните структури за управување и спроведување на политиките.

Во таа насока, во делот на спроведување на ИПАРД програмата согласно прифатените обврски со ЕУ, продолжува редовното функционирање на ИПАРД мониторинг комитетот. Комитетот ќе ја следи имплементацијата на критериумите за селекција на програмата, остварениот напредок во остварување на целите на

програмата и по потреба ќе продолжи да предлага измени или корекција на програмата.

Во делот на спроведување на политиките финансирани од националниот буџет, ќе се постави рамка за континуиран мониторинг и оценка на ефектите преку редовно: месечно, полугодишно и годишно известување на МЗШВ од страна на АФПЗРР за спроведувањето на програмите. Спроведувањето на тековната оценка овозможува услови за унапредување на имплементацијата на програмата и за анализа на предлозите за измена и дополнување на делови на програмата.

Начинот на известување, формата и содржината на извештајите ќе биде дополнително дефинирана помеѓу двете институции.

## Активности за создавање на услови за спроведување на политиките од програмата

Со цел постигнување на ориентираност кон подобрени резултати на зголемено земјоделско производство и повисок квалитет на производите, но и истовремено заштита на животната средина и оптимално користење на природните ресурси и енергијата, ќе се воведуваат принципите на добра земјоделска и хигиенска пракса (ДЗХП) како услов за стекнување со правото за користење на финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој. Барањето од типот на ДЗХП ќе се воведуваат постепено, на почетокот како барања за *основна земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса* и тоа за одредени категории на корисници.

Со цел успешна имплементација на барањата за основна земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса ќе се спроведат следниве активности:

- дефинирање на стандардите и барањата за воведување на ДЗХП по подсектори кои треба да се почитуваат како услов за спроведување на мерките на директни плаќања по подсектори и на различни нивоа на задолжителност на барањата,
- ревизија на постоечкиот Прирачник за ДЗХП и негова измена со цел услогласување со дефинираните стандарди и барањата за воведување на основна и ДЗХП,
- подготовка на прирачници и друг погоден промотивен материјал за полесна примена и достигнување на принципите на ДЗХП од стана на земјоделските стопанства,
- спроведување на јавна кампања за примена на стандардите од ДЗХП од стана на земјоделците,
- дефинирање на мерка од програмата за финансиска поддршка за ангажирање на експертска поддршка за воведување на барањата на земјоделските стопанства и подготовка на административните постапки,

- спроведување на обука на советниците на АПРЗ за бесплатно аплицирање на мерката за поддршка од страна на советниците на АПРЗ, и обука на инспекторатите и на земјоделските здруженија за стандардите од ДЗХП.

Покрај имплементација на барањата за основна земјоделска и добра земјоделска и хигиенска пракса, во периодот од 2013 до средина на 2014 година, МЗШВ ќе спроведе активности и кампања за поголема употреба на сертифициран семенски материјал:

- превземање на дополнителни мерки за зголемување на понуда на сертифициран семенски материјал за житни и др. култури,
- подготовка на прирачници и друг погоден промотивен материјал за погодносите од примена на сертифициран семенски материјал,
- промовирање на користењето на сертифициран семенски материјал преку: регионални работилници на МЗШВ, селски работилници на АПРЗ, и јавна кампања.

X. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.